Татјана Атанасова-Пачемска
Виолета Поповска
Добри Јовевски

МАТЕМАТИКА ЗА ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ

Математика за трето одделение

Автори
Татјана Атанасова-Пачемска
Виолета Поповска
Добри Јовевски

Рецезенти
Бети Андоновиќ
Силвана Русу
Соња Трифуновска

Уредник
Елизабета Анѓелова Шурбевски

Илустратори
Елизабета Анѓелова Шурбевски, Шенол Али, Анита Милевска, Теодора Јовановска

Лектор
Виолета Јовановска Никовска

Стручна редакција
Музафер Беќири

Графичко и техничко уредување
Весна Депиновска – АРС СТУДИО

Издавач
Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, 1000 Скопје

Место и година на издавање: Скопје, 2023 година

Печати
Европа 92 – Кочани

Тираж
13.638

Со одлука за одобрување на учебникот по предметот Математика за трето одделение бр. 26-2325/ 1 од 18. 10. 2023 година донесена од Националната комисија за учебници.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.3.016:51(075.2)=163.3

АТАНАСОВА-Пачемска, Татјана
Математика за трето одделение / Татјана Атанасова-Пачемска, Виолета Поповска, Добри Јовевски ; [илустратори Елизабета Анѓелова Шурбевски ... и др.]. - Скопје : Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, 2023. - 237 стр. : илустр. ; 26 см

Други илустратори: Шенол Али, Анита Милевска, Теодора Јовановска

ISBN 978-608-273-646-4

1. Поповска, Виолета [автор] 2. Јовевски, Добри [автор]

COBISS.MK-ID 62447877

Драги третооделенци!

Добре дојдовте во светот на математиката. Ова е вашиот учебник по математика што ќе го користите во трето одделение. Овој учебник ви нуди развивање вештини за размислување и стратегии како да ги решавате математичките проблеми чекор по чекор.

Ве охрабруваме да бидете посветени, да учите и да откривате, да ја сакате математиката и да го практикувате она што го учите секојдневно во вашиот живот. Задачите ќе ги решавате дома или во училиште, но секогаш обидете се тоа да го направите самостојно, бидејќи на тој начин подобро ќе ги разберете, а тоа ќе ви донесе резултат и задоволство.
Ви посакуваме успех во дружењето со овој учебник по математика за трето одделение!

Од авторите

Водич низ математиката

Низ страниците на учебникот ќе ги забележите симболите кои укажуваат на специфичен тип на активности.

ШТО ЌЕ СЕ УЧИ ВО ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ



Ако направиш 10 групи од 100 предмети си го претставил бројот илјада, кој се пишува со четири цифри 1 000

Ќе научиш правилно да ги читаш и пишуваш броевите до 1 000, да споредуваш парови од трицифрени броеви и да ја определуваш месната вредност на цифрите во трицифрените броеви.

Која 3Д-форма има 12 раба, 6 ѕида и 8 темиња?

Ќе опишувате 2Д и 3Д-форми, ќе наоѓате сличности и разлики меѓу нив. Предизвик ќе биде определување на број на страните, темињата и аглите кај 2Д-формите и ѕидовите, темињата и рабовите кај 3Д-формите.

Собироци, збир, намаленик, намалител, разлика



Во оваа тема преку разни постапки ќе ги проширите и продлабочите знаењата и умеењата да собирате, одземате, множите и делите.

Колку денари заштедила Ема?

Во оваа тема ќе бидете истражувачи, ќе мерите: должина, маса, зафатнина, ќе проценувате колку време ви е потребно за вашите активности. Ќе научите да бидете добри „трговци“ и да штедите!

Кои податоци и информации ни се потребни? Како ќе ги добиеме? Како ќе ги претставиме? Што ќе одговориме?

Предизвикот во оваа тема ќе биде да планирате и реализирате истражување. Податоците да ги претставите со табели на честота, пиктограми, столбести дијаграми, Керолов или Венов дијаграм.

СОДРЖИНА

БРОЕВИ И БРОЕЊЕ

БРОЕВИ ДО 100 - ПОВТОРУВАЊЕ 10
ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ БРОЕВИ ДО 1 000 12
БРОЕЊЕ НАНАПРЕД И НАНАЗАД ПО 1, ПО 10 И ПО 100 ДО 1 000 16
БРОЕЊЕ ПО ДВА, ПО ТРИ, ПО ЧЕТИРИ, ПО ПЕТ, ПО ШЕСТ, ПО ДЕВЕТ И ПО ДЕСЕТ ПОГОЛЕМА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ДО НАЈМАЛКУ 100 18
ПРАВЕЊЕ ПРОЦЕНКА ЗА БРОЈ НА ПРЕДМЕТИ 21
ПОСТАВУВАЊЕ ТРИЦИФРЕНИ БРОЕВИ НА БРОЈНА ПРАВА НА КОЈА СЕ ОЗНАЧЕНИ ПОЛНИТЕ ДЕСЕТКИ И СТОТКИ 23
ОДРЕДУВАЊЕ МЕСНА ВРЕДНОСТ НА ЦИФРИТЕ ВО ТРИЦИФРЕН БРОЈ 26
РАЗЛОЖУВАЊЕ ТРИЦИФРЕН БРОЈ НА СТОТКИ, ДЕСЕТКИ И ЕДИНИЦИ 29
ЗАОКРУЖУВАЊЕ 31
ДВОЦИФРЕНИ БРОЕВИ ДО НАЈБЛИСКАТА ДЕСЕТКА, ... 31
ТРИЦИФРЕНИ БРОЕВИ ДО НАЈБЛИСКАТА ДЕСЕТКА И СТОТКА 31
СПОРЕДУВАЊЕ ТРИЦИФРЕНИ БРОЕВИ, КОРИСТЕЈЌИ ГИ ЗНАЦИТЕ „>“, „=“ И „<“ 33
ПОДРЕДУВАЊЕ ДВОЦИФРЕНИ И ТРИЦИФРЕНИ БРОЕВИ ДО 1 000 35
ПРОЦЕНУВАЊЕ НА МЕСТОТО НА БРОЈ ПОМЕЃУ СТОТКИ НА БРОЈНА ПРАВА .. 37
ИСКАЖУВАЊЕ И ПИШУВАЊЕ РЕДНИ БРОЕВИ ДО НАЈМАЛКУ СТОТИ БРОЈ 39
ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПАРНИ И НЕПАРНИ БРОЕВИ ДО 1 000 41
ФОРМИРАЊЕ НИЗА ОД БРОЕВИ ЗА ДВА ПОГОЛЕМИ ИЛИ ЗА ДВА ПОМАЛИ ОД ДАДЕН БРОЈ ДО 1 000 43
ПОВТОРУВАМЕ, ВЕЖБАМЕ 45

ГЕОМЕТРИЈА

ОТСЕЧКА 47
2Д-ФОРМИ 50
ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ 2Д-ФОРМИ 50
ОЗНАЧУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ТЕМЕ И СТРАНА НА 2Д-ФОРМИ 52
ПРЕПОЗНАВАЊЕ ПРАВ АГОЛ КАЈ 2Д-ФОРМИ 55
2Д-ФОРМИ СПОРЕД БРОЈОТ НА СТРАНИТЕ 57
3Д-ФОРМИ 58
ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА 3Д-ФОРМИ 58
ЕЛЕМЕНТИ НА 3Д-ФОРМИ 60
ЕЛЕМЕНТИ НА ПРИЗМА - ТЕМЕ, РАБ И SИД 60
ОПРЕДЕЛУВАЊЕ SИДОВИ, РАБОВИ И ТЕМИЊА НА 3Д-ФОРМИ 63
ПОВРЗУВАЊЕ 2Д-ФОРМИ СО МРЕЖИ НА 3Д-ФОРМИ 65
ЛИНИЈА НА СИМЕТРИЈА И СИМЕТРИЈА ВО ОКОЛИНАТА 66
ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ЦРТАЊЕ ЛИНИИ НА СИМЕТРИЈА КАЈ 2Д-ФОРМИ 66
ПОЛОЖБА, НАСОКА И ДВИЖЕЊЕ 70
ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОЛОЖБА ВО КВАДРАТНА МРЕЖА 70
ДВИЖЕЊЕ ОБЈЕКТИ ПО ДАДЕНА НАСОКА ВО КВАДРАТНА МРЕЖА 74

ПОВТОРУВАМЕ, ВЕЖБАМЕ 76

ОПЕРАЦИИ СО БРОЕВИ

СОБИРАЊЕ СТОТКИ ДО 1 000 79
СОБИРАЊЕ ТРИЦИФРЕНИ БРОЕВИ СО ПОЛНИ ДЕСЕТКИ И СТОТКИ 82
ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОГОЛЕМ/ПОМАЛ БРОЈ ЗА 1, 10, 100 ОД ТРИЦИФРЕН БРОЈ85
СОБИРАЊЕ ТРИЦИФРЕН БРОЈ СО ЕДНОЦИФРЕН, ДВОЦИФРЕН И ТРИЦИФРЕН БРОЈ ДО 1 000 БЕЗ ПРЕМИН 87
СОБИРАЊЕ ТРИЦИФРЕН БРОЈ СО ЕДНОЦИФРЕН, ДВОЦИФРЕН И ТРИЦИФРЕН БРОЈ ДО 1 000 СО ПРЕМИН 93
КОМУТАТИВНО СВОЈСТВО 102
ОДЗЕМАЊЕ ПОЛНИ СТОТКИ ДО 1 000 104
ОДЗЕМАЊЕ ПОЛНИ СТОТКИ ОД ТРИЦИФРЕН БРОЈ 106
ОДЗЕМАЊЕ ПОЛНИ ДЕСЕТКИ ОД ТРИЦИФРЕН БРОЈ 108
ОДЗЕМАЊЕ ЕДНОЦИФРЕН, ДВОЦИФРЕН И ТРИЦИФРЕН БРОЈ ОД ТРИЦИФРЕН БРОЈ 110
ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НЕПОЗНАТ БРОЈ ПРИ СОБИРАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ ДО 1 000 . 113
РЕШАВАЊЕ ПРОБЛЕМСКИ СИТУАЦИИ СО СОБИРАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ БРОЕВИ ДО 1 000 116
УДВОЈУВАЊЕ И ПРЕПОЛОВУВАЊЕ БРОЕВИ ДО 1 000 118
УДВОЈУВАЊЕ ТРИЦИФРЕНИ БРОЕВИ ОД ПОЛНИ СТОТКИ ДО 1 000 118
ПРЕПОЛОВУВАЊЕ ТРИЦИФРЕНИ БРОЕВИ ОД ПОЛНИ СТОТКИ ДО 1 000 120
УДВОЈУВАЊЕ ТРИЦИФРЕНИ БРОЕВИ ОД ПОЛНИ ДЕСЕТКИ ДО 1 000 122
ПРЕПОЛОВУВАЊЕ ТРИЦИФРЕНИ БРОЕВИ ОД ПОЛНИ ДЕСЕТКИ ДО 1 000 124
МНОЖЕЊЕ И ДЕЛЕЊЕ СО 1, 2, 3, 4, 5, 6, 9 И 10 126
МНОЖЕЊЕ ЕДНОЦИФРЕН БРОЈ СО 1, 2, 3, 4, 5, 6, 9 И 10 126
МНОЖЕЊЕ И ДЕЛЕЊЕ СО БРОЈОТ 1 129
МНОЖЕЊЕ И ДЕЛЕЊЕ СО БРОЈОТ 2 130
МНОЖЕЊЕ И ДЕЛЕЊЕ СО БРОЈОТ 4 131
МНОЖЕЊЕ И ДЕЛЕЊЕ СО БРОЈОТ 5 132
МНОЖЕЊЕ И ДЕЛЕЊЕ СО БРОЈОТ 10 133
ПРОДОЛЖУВАМЕ СО МНОЖЕЊЕ И ДЕЛЕЊЕ 134
МНОЖЕЊЕ И ДЕЛЕЊЕ СО БРОЈОТ 3 134
МНОЖЕЊЕ И ДЕЛЕЊЕ СО БРОЈОТ 6 137
МНОЖЕЊЕ И ДЕЛЕЊЕ СО БРОЈОТ 9 140
МНОЖЕЊЕ ДВОЦИФРЕН БРОЈ СО 10 143
МНОЖЕЊЕ БРОЕВИ ОД ВТОРАТА ДЕСЕТКА СО 1, 2, 3, 4 И 5 145
МНОЖЕЊЕ СО ЕДНОЦИФРЕН БРОЈ СО ПРЕМИН 147
КОМУТАТИВНОТО СВОЈСТВО НА МНОЖЕЊЕТО 149
ПРЕПОЗНАВАЊЕ ДВОЦИФРЕНИ И ТРИЦИФРЕНИ БРОЕВИ ДОБИЕНИ СО МНОЖЕЊЕ СО 2, 5 И 10 151
ВРСКАТА МЕЃУ МНОЖЕЊЕТО И ДЕЛЕЊЕТО 153
ДЕЛЕЊЕ ДВОЦИФРЕН БРОЈ СО ЕДНОЦИФРЕН БРОЈ СО ОСТАТОК 154
ОДРЕДУВАЊЕ НЕПОЗНАТ БРОЈ ПРИ МНОЖЕЊЕ И ДЕЛЕЊЕ 158
РЕШАВАЊЕ ТЕКСТУАЛНИ ЗАДАЧИ 161
ДРОПКИ 163
ПРЕПОЗНАВАЊЕ ДЕЛОВИ ОД ЦЕЛО 163

ЗАПИШУВАЊЕ ДЕЛОВИ ОД ЦЕЛО 165
ЕДНАКВОСТ НА ДРОПКИ 167
ПРЕТСТАВУВАЊЕ ДРОПКИ НА 2Д-ФОРМИ
И ГРУПА ПРЕДМЕТИ ДО 100 168
ПОВТОРУВАМЕ, ВЕЖБАМЕ 170

МЕРЕЊЕ

ПАРИ..... 173
ПРЕПОЗНАВАЊЕ, ИМЕНУВАЊЕ И ГРУПИРАЊЕ МОНЕТИ И БАНКНОТИ
ДО 1 000 173
ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ТОЧНА СУМА ПАРИ..... 175
РЕШАВАЊЕ ПРОБЛЕМСКИ СИТУАЦИИ – ПАРИ 176
ДОЛЖИНА 177
МЕРЕЊЕ ДОЛЖИНА – МЕТАР, ЦЕНТИМЕТАР 177
МЕРЕЊЕ ДОЛЖИНА – ДЕЦИМЕТАР 180
РЕШАВАЊЕ ПРОБЛЕМСКИ СИТУАЦИИ – ДОЛЖИНА..... 183
МАСА 184
МЕРЕЊЕ МАСА – КИЛОГРАМ, ГРАМ..... 184
РЕШАВАЊЕ ПРОБЛЕМСКИ СИТУАЦИИ – МАСА 188
ЗАФАТНИНА..... 189
МЕРЕЊЕ ТЕЧНОСТИ – ЛИТАР, ДЕЦИЛИТАР 189
РЕШАВАЊЕ ПРОБЛЕМСКИ СИТУАЦИИ – ЗАФАТНИНА 191
ВРЕМЕ..... 192
ЧИТАЊЕ ВРЕМЕ ВО ЧАСОВИ, МИНУТИ И СЕКУНДИ 192
МЕСЕЦИ, ГОДИНИ, ДЕЦЕНИЈА 195
РЕШАВАЊЕ ЗАДАЧИ - ВРЕМЕ 197

РАБОТА СО ПОДАТОЦИ

ЧИТАЊЕ ПОДАТОЦИ 199
СОБИРАЊЕ, СРЕДУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ ПОДАТОЦИ..... 203
ОДРЕДУВАЊЕ НА МЕСНА ВРЕДНОСТ НА БРОЕВИТЕ ДО 1 000 СО СТРЕЛКИ . 211
ТАБЕЛИ ДО 1 000 212
ТАБЕЛИ ДО 1 000 213
SИД ОД ДРОПКИ..... 215
ПРИМЕРИ 217
ЗА ДРОПКИ 217
ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА ЕДИНИЦИ, ДЕСЕТКИ, СТОТКИ И ИЛЈАДИ 219
2Д-ФОРМИ 221
3Д-ФОРМИ 223
ТАБЕЛА. ТАБЛИЧНО МНОЖЕЊЕ ДО 100 225
ЧАСОВНИК 227
МАКЕДОНСКИ ПАРИ – ДЕНАРИ 229
БАНКНОТИ 230
МОНЕТИ..... 230
МЕРНИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА МАСА, ДОЛЖИНА И ЗАФАТНИНА 231

БРОЕВИ И БРОЕЊЕ

Резултати од учење. Ученикот:

- брои, чита и пишува броеви до 1 000;
- споредува парови од трицифрени броеви и ја определува месната вредност на цифрите во трицифрените броеви;
- препознава и користи редни броеви до најмалку стоти број;
- групира парни и непарни броеви до 1 000.

Содржини:

- Броеви до 1 000
- Месна вредност на цифрите
- Споредување парови од трицифрени броеви
- Редни броеви
- Парни и непарни броеви

Речник на нови поими

- број
- цифра
- количина
- единици
- десетки
- стотки
- илјада
- месна вредност
- редни броеви
- парни броеви
- непарни броеви

БРОЕВИ ДО 100 - ПОВТОРУВАЊЕ

1 **Поврзи ги броевите согласно барањата:**



1. Поврзи ги по редослед броевите, почнувајќи од 1.

Кој број го доби?

_____

2. Поврзи ги редоследно броевите од петтата десетка.
Потоа поврзи го и најмалиот и најголемиот број од петтата десетка.

3. Поврзи ги редоследно броевите од деветтата десетка.
Потоа поврзи го и најмалиот и најголемиот број од петтата десетка.

2 **Прочитај ги и запиши ги броевите со зборови.**



3 **Пронајди ги следниве броеви во табелата движејќи се во насоките напред-назад, горе-долу или лево-десно.**

- педесет и пет
- двaесет и три
- петнаесет
- осумдесет и пет
- тринаесет
- деведесет и седум
- четириесет и четири

2	0	9	0	1	7	5	9
1	4	5	4	8	9	0	0
1	3	6	9	6	2	2	6
4	0	7	4	5	3	0	7
9	4	4	2	5	0	5	0
6	0	9	6	9	6	8	9
2	2	0	1	4	0	8	2
1	4	8	9	7	6	1	5

4 **Спореди ги броевите! Стави го потребниот знак: > = < .**

54 ◯ 29	33 ◯ 33	59 ◯ 87	53 ◯ 48
97 ◯ 55	47 ◯ 89	55 ◯ 86	20 ◯ 77
62 ◯ 32	49 ◯ 72	26 ◯ 21	3 ◯ 10

5 **Воочи го правилото и дополни ги низите со броевите кои недостасуваат.**



6 **Запиши го:**

а) најголемиот парен број од четвртата десетка,

б) најмалиот непарен број од третата десетка,

в) следбеникот на најголемиот број од втората десетка

г) претходникот на најмалиот трицифрен број.



7 **Пресметај:**

39 + 17 = ☐	69 − 29 = ☐	25 + 35 = ☐	79 − 73 = ☐	86 − 58 = ☐
54 − 21 = ☐	38 + 43 = ☐	81 − 32 = ☐	32 − 28 = ☐	65 − 32 = ☐

8 **Помножи со 5 и 2 и запиши ги добиените резултати во соодветните крукчиња.**



9 **Се наоѓате на фудбалско игралиште каде што два тима играат фудбал.**
Упатство: Колку фудбалери има секој фудбалски тим?
Составете текстуална задача во која ќе ја употребите операцијата делење и потоа решете ја.

ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ БРОЕВИ ДО 1 000

Да се потсетиме!

Кој број е претставен на сметалката?

Претставениот број запишан со цифри е **46**, а со зборови **четириесет и шест.**



$10 \cdot 100 = 1\,000$
$10 \cdot 1\text{ С} = 10\text{ С} = 1\text{ И}$



100	сто
200	двесте
300	триста
400	четиристотини
500	петстотини
600	шестотини
700	седумстотини
800	осумстотини
900	деветстотини
1 000	илјада



Да се потсетиме!



Претставениот број запишан со цифри е **383**, а со зборови **триста осумдесет и три.**

Броевите кои содржат десетки и единици се запишуваат со две цифри и се викаат **двоцифрени броеви**.
Броевите кои содржат стотки, десетки и единици се запишуваат со три цифри и се викаат **трицифрени броеви**.
Прво се читаат стотките, па десетките и единиците.
Бројот 1 000 содржи 10 стотки, се пишува со четири цифри. Тој е најмалиот (првиот) четирицифрен број.

Колку моливи има на сликата?



Секој молив да го замениме со коцка и да ги претставиме. Формиравме групи од коцки.



Една група од 100 коцкипретставува една стотка. Запишуваме 1 С
Една група од 10 коцки претставува една десетка и запишуваме 1 Д
Групата од 2 коцки кои не формираат десетка претставуваат 2 единици, 2 Е.

Има вкупно 112 коцки. Запишуваме со бројот 112.
Читаме: сто и дванаесет

1 Запиши ги броевите кои се претставени на сметалките.



2 Поврзи ги сликите со бројот што го претставуваат.



306

230

154

262

320

226

3 Напиши ги полните стотки поголеми од 300, а помали од 1 000.



4 Запиши ги броевите според значењето на симболите:

1 10 100

	Пишувам	Читам
	362	триста шеесет и два
		
		

5 Запиши три броеви кои се наоѓаат помеѓу броевите:

а) 195 и 205

_____

б) 637 и 644

_____

в) 892 и 902

_____

6 Од дадените цифри состави трицифрени броеви без повторување на цифрите.

6 2 9

- 629
- 692
- ---
- ---
- ---
- ---

4 1 8

- ---
- ---
- ---
- ---
- ---
- ---

7 3 5

- ---
- ---
- ---
- ---
- ---
- ---

Полни десетки од секоја стотка до 1 000										
10	20	30	40	50	60	70	80	90	100	← прва стотка
110	120	130	140	150	160	170	180	190	200	← втора стотка
210	220	230	240	250	260	270	280	290	300	← трета стотка
310	320	330	340	350	360	370	380	390	400	← четврта стотка
410	420	430	440	450	460	470	480	490	500	
510	520	530	540	550	560	570	580	590	600	
610	620	630	640	650	660	670	680	690	700	
710	720	730	740	750	760	770	780	790	800	
810	820	830	840	850	860	870	880	890	900	
910	920	930	940	950	960	970	980	990	1 000	

7 **Со цифрите 6, 3 и 7 (без тие да се повторуваат) запиши ги сите трицифрени броеви:**

а) од четвртата стотка

_____

б) од седмата стотка

_____

в) од осмата стотка

_____

8 **Запиши по неколку броеви со полни десетки согласно барањата:**

трета стотка

петтата десетка од шестата стотка

четвртата и деветтата десетка од деветтата стотка

првата и последната десетка од осмата стотка

9 **Бројот 111 е трицифрен број кој се запишува само со цифрата 1. Напиши ги сите трицифрени броеви кои се запишуваат со три исти цифри. Прочитај ги!**

10 **Поврзи ги еднаквите броеви запишани со цифри и со зборови.**



- деветстотини и осумдесет
- сто педесет и три
- шестотини и шеесет
- шестотини и шеснаесет
- двесте шеесет и четири
- петстотини триесет и еден



БРОЕЊЕ НАНАПРЕД И НАНАЗАД ПО 1, ПО 10 И ПО 100 ДО 1 000

Да се потсетиме!

Ајде да броиме?

1, 2, 3, ...
10, 20, 30,...
100, 200, 300, ...
550, 540, 530,...
617, 618, 619, ...

Броиме во растечки и опаѓачки редослед.
Кога броевите ги редиме од најмал кон најголем, велиме дека се наредени во растечки редослед.
Кога броевите ги редиме од најголемиот кон најмалиот, велиме дека се наредени во опаѓачки редослед.



1 **Напиши ги броевите што недостасуваат, броејќи во растечки или опаѓачки редослед:**

104 108 113

540 537

934 941

701 700

2 **Продолжи ги следниве низи според дадените правила.**

Број нанапред. Број наназад.

10
356 446

10
381 451 491

10
523 583

10
617 647

10
668 728

3 **Пополни ја табелата со низи следејќи ги инструкциите дадени во првата редица.**

	+ 10	– 1	+ 100	– 10
156				
254	264			353
313				
467		476	576	
581				
625				
619				
747				
832				

4 Следејќи ги насоките пронајди и запиши ги броевите што треба да стојат во празните квадратчиња.



5 Бројот 761 запиши го во локомотивата од возот и продолжи да броиш наназад по 100. Запиши ги бараните броеви во вагончињата во опаѓачки редослед.

6 Пополни ги табелите со броевите кои недостасуваат броејќи по 1. Може да пополнуваш во различни насоки на движење низ табелата! Започни од некој од означените броеви.

									410
								419	
							428		
						437			
					446				
				455					
			464						
		473							
	482								
491									

			604			607			
		613					618		
	622							629	
631									640
661									670
	672							679	
		683					**688**		
			694			697			

7 Во табелата на осмата стотка допиши ги броевите што недостасуваат, а потоа обој ги полињата (правоаголниците):

а) кои се пишуваат со цифрите 7, 2 и 3 со црвена боја (цифрите може да се повторуваат)

б) со жолта боја броевите на кои збирот на цифрите им е поголем од 20.

701	702	703	704	705					
	712			715					
		723		725					
			734	735					
				745					
				755	756				
				765		767			
				775			778		
				785				789	
				795	796	797	798	799	800

БРОЕЊЕ ПО ДВА, ПО ТРИ, ПО ЧЕТИРИ, ПО ПЕТ, ПО ШЕСТ, ПО ДЕВЕТ И ПО ДЕСЕТ ПОГОЛЕМА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ДО НАЈМАЛКУ 100

Да се потсетиме!

За полесно да изброиме поголема група предмети, групираме во помали групи.



По колку топчиња има во секоја група?

_____

Колку вкупно топчиња има?

_____

1 **Допиши ги низите според даденото правило.**



2 **Изброј колку лижавчиња и колачиња има во групите. За полесно да броиш, лижавчињата групирај ги по 3 во група, а колачињата по 6 во група.**

Лижавчиња има

___ групи · ___ = ___

Колачиња има

___ групи · ___ = ___

3 **Продолжи ги низите.**



4 **Откриј го правилото и продолжи ги низите.**



Правилото е _____



Правилото е _____

Правилото е _____

Правилото е _____

Правилото е _____

Правилото е _____

5 **Започни низи и следи ги инструкциите на формирање!**



6 **Ана ги броела заштедените пари од својата касичка. Имала 5 банкноти од по 100 денари, 5 монети од по 10 денари, 7 монети од по 2 денара. Доврши ги низите како што ги започнала.**
Колку денари заштедила Ана?





Ана заштедила _____ денари.

7 **Откриј го правилото за формирање на секоја од низите.**

а) 850, 853, 856, 859 Правилото е _____

б) 460, 454, 448, 442 Правилото е _____

в) 524, 531, 538, 545 Правилото е _____

г) 610, 601, 592, 583 Правилото е _____

8 **Откриј ги броевите кои ги кријат животните. Напиши ги во квадратчињата.**

500		510	515		525	530	
540			555		565	570	
580				600	605		615
	625	630			645	650	655
	665	670		680		690	695





ПРАВЕЊЕ ПРОЦЕНКА ЗА БРОЈ НА ПРЕДМЕТИ

Да се потсетиме!

Колку топчиња има во врќичката?

Можеме да претпоставиме, да процениме. А за да знаеме точно колку има, потребно е да изброиме.

Кога правиш проценка, без да решаваш, бараш одговор кој е доволно близу до точниот.

1 **Да процениме! Колку гравчиња има во секоја од теглите?**



10 13 12 17 15 16 17 15 16

Со броење провери колку отстапуваш од проценката. Заокружи го точниот број на гравчиња во теглите.

2 **Процени колку предмети има на секоја од сликите. Потоа направи групи од по 2, 3, 4, 5, или 10 предмети и провери ја твојата проценка. Запиши го бројот.**

а)



Пресметување:

б)



Пресметување:

в)



Пресметување:

г)



Пресметување:

3 **За секоја слика запиши реченица во која ќе употребиш еден број меѓу броевите 100 и 1 000. Процени!**

Пример: Во гајбата има 160 јагоди.

_____

_____

_____

_____

ПОСТАВУВАЊЕ ТРИЦИФРЕНИ БРОЕВИ НА БРОЈНА ПРАВА НА КОЈА СЕ ОЗНАЧЕНИ ПОЛНИТЕ ДЕСЕТКИ И СТОТКИ

Да се потсетиме!

Марија сакала да ја прочита температурата од термометарот и да ја претстави на бројната права.
Да ѝ помогнеме на Марија!

Запомни!
Броевите може да се претставуваат како точки од правата. На секој број одговара една точка и обратно, на секоја точка одговара еден број. Правата на која се претставени броевите се нарекува **бројна права.**



1 **На бројната права одреди ги и запиши ги броевите кои се означени со цртички.**

2 **Дополни ги бројните прави со броевите кои недостасуваат.**



3 Во празните полиња напиши ги броевите кои недостасуваат.

а)



б)



4 Запиши ги броевите кои ги покажуваат буквите А, Б, В.





А е _____

Б е _____

В е _____

5 Во празните полиња напиши ги броевите кои ги покажуваат стрелките.



6 Броевите од табелата претстави ги на бројната права.

591	528	540	439	484
463	422	539	578	435



7 **Стрелките ги поврзуваат обоените фигури со броеви на бројната права.**



Во табелата напиши ги броевите кои одговараат на обоените фигури.

	○	△	▭

8 **Одреди ги претходникот и следбеникот на броевите.**



9 **Дополни ги реченици со зборовите „претходник“ или „следбеник“.**

а) Бројот 678 е _____ на бројот 679.

б) Бројот 390 е _____ на бројот 389.

в) Бројот 999 е _____ на бројот 1 000.

г) Бројот 621 е _____ на бројот 620.

ОДРЕДУВАЊЕ МЕСНА ВРЕДНОСТ НА ЦИФРИТЕ НА ТРИЦИФРЕН БРОЈ

Да се потсетиме!

Кој број е претставен на сметалката?



На сметалката е претставен бројот 24.

2 е на местото на десетките и има месна вредност 20.

4 е на местото на единиците и има месна вредност 4.

Месната вредност на една цифра се определува според нејзиното место во записот на бројот.

Во бројот 55 одреди ја месната вредност на цифрата 5.

Броевите во квадратчињата претстави ги на сметалките.

21



27



64



80



Откриј како е претставен бројот 143!

сто четириесет и три



100 + 40 + 3

143

С	Д	Е
1	4	3

1 **Според примерот, пополни за бројот 238.**

238

С	Д	Е



Запомни!

Во кој број цифрата 3 има поголема месна вредност?

143 или 238

Цифрата 3 има поголема вредност во бројот **238** бидејќи е на местото на десетките.

Цифрата 3 во бројот **143** има вредност 3 единици.

Вредноста на цифрата во еден број зависи од нејзиното место во тој број.

2 **Според примерот, пополни за бројот 1 000.**



1 000 = 1 И
1 000 = 10 С
1 000 = 100 Д
1 000 = 1 000 Е
1 И = 10 С = 100 Д = 1 000 Е

3 **Одреди ја цифрата на стотки, десетки и единици во следниве броеви:**



4 **Запиши ја месната вредност на подвлечената цифра во секој број.**

264	283	425
282	323	684
749	965	473

5 **Дополни ги реченициите:**

а) Бројот 731 има 7 стотки, 73 десетки и 731 единици.
б) Бројот 390 има _____, _____ и _____.
в) Бројот 405 има _____, _____ и _____.
г) Бројот 247 има _____, _____ и _____.
д) Бројот 999 има _____, _____ и _____.

6 **Напиши го бројот кој има цифри со месна вредност:**

а) 3 стотки, 5 десетки и 8 единици _____
б) 9 стотки, 1 десетка и 0 единици _____
в) 9 единици, 4 стотки и 6 десетки _____
г) 0 десетки, 0 единици и 8 стотки _____

7 **Откриј го бројот!**

327	185	492	602
256	42	813	523

Јас сум трицифрен број.
Мојата цифра на местото стотки не е 2.
Мојата цифра на местото десетки е 2.
Мојата цифра на единици се заокружува на поголемата десетка.

Одговор: _____

8 **Според бојата на моливчињата обој ги броевите во табелата.**

163	774	337	204	832	698	157	392	962
963	884	458	254	589	640	753	414	810
628	305	672	166	329	194	234	762	124
803	950	504	875	457	574	114	313	677
371	155	262	104	613	382	845	553	204
156	820	556	287	124	594	690	891	162
184	150	199	299	399	204	165	258	306
460	489	287	578	259	469	795	358	128
253	756	600	151	610	265	822	821	444

3 СТОТКИ
6 ДЕСЕТКИ
8 СТОТКИ
4 ЕДИНИЦИ
6 СТОТКИ
5 ДЕСЕТКИ

РАЗЛОЖУВАЊЕ ТРИЦИФРЕН БРОЈ НА СТОТКИ, ДЕСЕТКИ И ЕДИНИЦИ

Да се потсетиме!

Секој број може да се запише во разложена форма, користејќи ја месната вредност на секоја цифра во бројот.



35 = 30 + 5 = 3Д + 5Е



135 = 100 + 30 + 5 = 1С + 3Д + 5Е

Во кој број цифрата 3 има поголема месна вредност?
Цифрата 3 во двата броја има иста вредност, бидејќи и во бројот 35 и во 135 е на местото на десетките. Нејзината вредност е 30.

1 **Прочитај ги броевите од сликите, запиши ги во табелата на С, Д и Е и разложи ги.**



С	Д	Е

_____ + _____ + _____ = _____



С	Д	Е

_____ + _____ + _____ = _____



С	Д	Е

_____ + _____ + _____ = _____



С	Д	Е

2 **Разложи ги броевите како во примерот.**

869 = 8С+6Д+9Е

320 =

536 =

607 =

900 =

481 =

559 =

274 =

170 =

856 =

759 =

700 =

481 =

357 =

987 =

3 **Разложи ги броевите како во примерите.**

а) 423 = 400 + 20 + 3

568 = _____ + _____ + _____

379 = _____ + _____ + _____

495 = _____ + _____ + _____

374 = _____ + _____ + _____

592 = _____ + _____ + _____

671 = _____ + _____ + _____

б)



4 **Поврзи ги броевите со соодветните разложувања.**

400 + 50 + 3	847
600 + 80 + 1	795
800 + 40 + 7	376
200 + 60 + 4	453
500 + 10 + 2	129
700 + 90 + 5	512
100 + 20 + 9	681
300 + 70 + 6	938
900 + 30 + 8	264

5 **Определи ја месната вредност на цифрите во броевите.**



6 **Запиши го во разложена форма:**

а) претходникот на бројот 660, _____

б) следбеникот на бројот 338, _____

в) најголемиот непарен трицифрен број, _____

г) најмалиот парен трицифрен број. _____

ЗАОКРУЖУВАЊЕ
ДВОЦИФРЕНИ БРОЕВИ ДО НАЈБЛИСКАТА ДЕСЕТКА, ТРИЦИФРЕНИ БРОЕВИ ДО НАЈБЛИСКАТА ДЕСЕТКА И СТОТКА

Да се потсетиме!

Броевите 24 и 27 да ги заокружиме на најблиската десетка.

Заокружуваме на претходна десетка ← | → Заокружуваме на следна десетка

20	21	22	23	24	25	26	27	28	29	30

Десетката до која е поблиску бројот 24 е 20. Велиме бројот 24 е заокружен на 20 како најблиска десетка.

Бројот 27 е поблиску до третата десетка па велиме дека бројот 27 е заокружен на 30 како најблиска десетка

Запомни!
Ако цифрата на единици е 4 или помала од 4 (3, 2, 1), тогаш бројот го заокружуваме на претходната десетка.

Ако цифрата на единици е 5 или поголема од 5 (6, 7, 8, 9), тогаш заокружуваме на следната десетка.

Броевите 430 и 470 да ги заокружиме на најблиската стотка.

Заокружуваме на претходна стотка ← | → Заокружуваме на следна стотка

0	10	20	30	40	50	60	70	80	90	100
100	110	120	130	140	150	160	170	180	190	200
200	210	220	230	240	250	260	270	280	290	300
300	310	320	330	340	350	360	370	380	390	400
400	410	420	430	440	450	460	470	480	490	500
500	510	520	530	540	550	560	570	580	590	600
600	610	620	630	640	650	660	670	680	690	700
700	710	720	730	740	750	760	770	780	790	800
800	810	820	830	840	850	860	870	880	890	900
900	910	920	930	940	950	960	970	980	990	1 000

Заокружуваме на претходна стотка | Заокружуваме на следна стотка

Запомни!
Ако цифрата на десетки е 4 или помала од 4 (3, 2, 1), тогаш бројот го заокружуваме на претходната стотка.

Ако цифрата на десетки е 5 или поголема од 5 (6, 7, 8, 9), тогаш заокружуваме на следната стотка.

1 **Обој ја бананата на која е напишана најблиската десетка на која ќе го заокружиш бројот.**

24 — 10, 20, 30

85 — 70, 80, 90

61 — 50, 60, 70

97 — 80, 90, 100

2 **Дадените броеви заокружи ги на најблиска десетка.**

147 → ( ) 361 → ( )

414 → ( ) 599 → ( )

658 → ( ) 888 → ( )

3 **Поврзи ги пчелите според нивниот број со пчеларникот со најблиска стотка.**







4 **Заокружи ги броевите на најблиската стотка и обој ги балоните според барањата.**

400

600

700

900

561 429 671 745 690 589

890 648 350 949 856 362

5 **Дополни ги реченициите и заокружи ги броевите до најблиската стотка.**

Пример: Бројот 368 е помеѓу 300 и 400 и се заокружува на _____.

а) Бројот 720 е помеѓу _____ и _____ и се заокружува на _____.

б) Бројот 645 е помеѓу _____ и _____ и се заокружува на _____.

в) Бројот 599 е помеѓу _____ и _____ и се заокружува на _____.

г) Бројот 202 е помеѓу _____ и _____ и се заокружува на _____.

СПОРЕДУВАЊЕ ТРИЦИФРЕНИ БРОЕВИ, КОРИСТЕЈЌИ ГИ ЗНАЦИТЕ „>“, „=“ И „<“

Да се потсетиме!

Кој од знаците: >, < или = треба да стои во крукчето за тврдењето да биде точно?

36 ◯ 46 74 ◯ 79

18 ◯ 26 81 ◯ 81

92 ◯ 29

При споредување на двоцифрените броеви бројот на десетките е ист, тогаш се споредуваат единиците!

С	Д	Е
1	2	3



С	Д	Е
1	2	7

Бројот 123 има една стотка, исто колку и бројот 127. И двата броеви имаат цифра два на местото на десетките, но цифрата на единиците во 123 е помала од цифрата на единиците во 127.
Заклучуваме: 123<127
Се чита: 123 (сто дваесет и три) е помал од 127 (сто дваесет и седум).

С	Д	Е
5	4	7



С	Д	Е
3	3	7

5 стотки се повеќе од 3 стотки затоа што 5>3.
Заклучуваме дека 547 > 337
Се чита: 547 (петстотини четириесет и седум) е поголем од 337 (триста триесет и седум).

Запомни!
Кога се споредуваат трицифрени броеви се започнува со споредување на цифрите на стотките, ако се исти се споредуваат цифрите на десетките, ако и тие се исти тогаш се споредуваат цифрите на единиците.

Ако цифрите на стотките се различни, трицифрените броеви веднаш може да се споредат.

1 **Претстави ги броевите на бројните прави и спореди ги!**

495 [<] 519



769 [ ] 764



238 [ ] 253



1

1 **Запиши еден од знаците >, < или = за да ги споредиш трицифрените броеви.**

С	Д	Е
8	4	7
6	9	1
5	4	8
2	0	9

С	Д	Е
8	4	8
1	9	3
5	4	8
2	9	0



2 **Спореди ги следниве броеви, користејќи ги знаците >, < или =.**

3С 8Д 2Е ◯ 4С 8Д 5Е 7С 7Д 6Е ◯ 7С 6Д 6Е 5С 1Д 3Е ◯ 5С 1Д 4Е

345 ◯ 261 ◯ 123 ◯ 123 ◯ 720 ◯ 745 ◯ 551 ◯ 155 ◯ 159

3 **Запиши цифра во крукчето за споредувањето да биде точно:**

123 < ◯21 4◯3 > 437 506 < 50◯ ◯44 > 834

63◯ = 6◯9 ◯000 > 999 735 > ◯35

4 **Од цифрите 8, 5 и 3 состави: најголем трицифрен број кој на местото на единици ќе ја има цифрата 5 и најмал трицифрен број.**

Најголем број: _____

Најмал број: _____

Спореди: _____ ◯ _____

5 **Бојана замислила два трицифрени броја. Едниот број има 4 стотки, 3 десетки и 8 единици, а другиот број се наоѓа помеѓу броевите 354 и 356. Кои броеви ги замислила Бојана? Спореди ги!**

Спореди: _____ ◯ _____ Одговор:

6 **Спореди ги:**

Најмалиот број од втората стотка и најмалиот непарен број од втората стотка.

_____ ◯ _____

Третиот број од третата стотка и четвртиот број од четвртата стотка.

_____ ◯ _____

ПОДРЕДУВАЊЕ ДВОЦИФРЕНИ И ТРИЦИФРЕНИ БРОЕВИ ДО 1 000

Да се потсетиме!

Кои двоцифрени броеви се прикажани на сликиве? Запиши ги, спореди ги, а потоа подреди ги, почнувајќи од најголемиот!



Сигурно забележа дека споредувањето ти помогна да ги подредиш броевите од најголем до најмал.

Запомни!

Користејќи го споредувањето, трицифрени броеви, тие може да се подредат од најмалиот кон најголемиот и обратно. Ајде да ги именуваме трицифрените броеви и да ги подредиме!

200 120 600 400

600 > 400 > 200 > 120



1 **Запиши ги со цифри следниве броеви, а потоа подреди ги, почнувајќи од најголемиот. Употреби го знакот за споредување!**

а) четиристотини триесет и пет

б) четиристотини педесет и три

в) двесте дваесет и девет

г) двесте и седум

2 **Подреди ги броевите, почнувајќи од најмалиот!**



3 **Поврзи ги еднаквите броеви, а потоа подреди ги, почнувајќи од најмалиот!**

6С 7Д 4Е | 7С | 2Д 9Е | 2С 9Д | 2С 9Е | 6С 4Д 7Е



290 | 29 | 674 | 700 | 647 | 209

4 **Со цифрите 7, 5 и 4 запиши ги сите трицифрени:**

а) парни броеви; _____

б) непарни броеви. _____

Цифрите да не се повторуваат.

Подреди ги по големина од најмал до најголем!

_____

5 **Запиши ги претходникот и следбеникот на бројот, донеси заклучок за следниве прашања:**

Претходник и следбеник на парен број е _____ број.

Претходник и следбеник на непарен број е _____ број.

претходник	број	следбеник
	276	
	351	
	920	
	583	

6 **На тркалото за среќа по шест вртења се добиени броевите: 701, 240, 137, 559, 348 и 722. Запиши ги нивните следбеници на празното тркало и подреди ги по големина од најмал до најголем и од најголем до најмал!**

Од најголем до најмал: _____

_____

Од најмал до најголем: _____

_____

број

следбеник

7 **Запиши ги сите трицифрени броеви што може да се постават на местото на X, за да биде точно:**

а) 428 < X < 435

б) 703 > X > 697

ПРОЦЕНУВАЊЕ НА МЕСТОТО НА БРОЈ ПОМЕЃУ СТОТКИ НА БРОЈНА ПРАВА

Да се потсетиме!

Одреди ги броевите кои треба да бидат запишани на обележаните места.



1 **Во празните места впиши кои броеви треба да стојат на бројната права.**





2 **Пронајди ги скриените броеви под детелината.**

П= Р= А =

М = С= К=

Запомни!

За да одредиме каде стои еден трицифрен број на бројна права, прво одредуваме помеѓу кои стотки се наоѓа!

На пр.: 340 - бројот се наоѓа помеѓу 300 и 400.

Бидејќи дадената права е со десет поделоци, чекорот на поделба означува 10 единици, па лесно ќе одредиме каде треба да стои соодветниот број.



3 **Пронајди ги местата на броевите на дадените бројни прави.**

460

650

830

390

4 **Дополни ги полните стотки помеѓу кои се наоѓаат дадените трицифрени броеви, а потоа претстави ги на бројна права.**

а) 430 е помеѓу 400 и ( )

б) 650 е помеѓу ( ) и ( )

в) 770 е помеѓу ( ) и 800

г) 510 е помеѓу ( ) и ( )



5 **Претстави ги на бројните прави и другите броеви, според примерот.**

546

978

423

221

386

455

6 **Замислениот брод плови низ царството на трицифрените броеви во текот на една седмица и застанува кај одреден трицифрен број. Во понеделникот тој е кај бројот 404, а потоа застанува на најмалиот следен број што е поголем од претходниот. Дадени се стојалиштата на бродот, определи кој ден на кој трицифрен број се наоѓа!**
Пополни ја табелата!
Обој ги позициите на кои стои бродот, откако ќе ја пополниш празната табела!

ден	број
понеделник	404
вторник	
среда	
четврток	
петок	
сабота	
недела	

+	1	2	3	4	5	6	7	8	9
400	401	402	403	404					
410									
420									
430									
440									
450									
460									
470									

ИСКАЖУВАЊЕ И ПИШУВАЊЕ РЕДНИ БРОЕВИ ДО НАЈМАЛКУ СТОТИ БРОЈ

Да се потсетиме!

Разгледај ја сликата и одговори:
Кој автомобил пристигнал последен на целта?
Кое место го освоил последниот автомобил?



Запомни!

Броевите на автомобилите го означуваат редоследот по кој тие пристигнале до целта.
Тоа се **редни броеви**.
Редните броеви се запишуваат така што по бројот се пишува точка.

10. десетти **75. седумдесет и петти**

1 **Разгледај ја сликата и откриј! Која по ред е планетата Земја, а која планета е прва и најблиску до Сонцето? Колку планети има Сончевиот Систем? Која по ред планета е најголемата планета?**

2 **Ана решила да ја дополни кошничката со храна. Бара од тебе да ѝ помогнеш, да ги собере јагодите и јаболката. На кои полиња треба да застане за да ги земе? Избројг ги полињата во патеката, почнувајќи од првото поле.**



Јагодите се наоѓаат на полињата со реден број:

_____

Јаболката се наоѓаат на полињата со реден број:

_____

Од кое овошје Ана собрала повеќе?

_____

3 **Запиши ги редните броеви со зборови:**

76. _____ _____

45. _____ _____

24. _____ _____

81. _____ _____

92. _____ _____

52. _____ _____

4 **Запиши го редниот број на:**

а) денешниот ден во месецот _____

б) месецот во годината во кој ти го прославуваш твојот роденден. _____

5 **Локомотивата влече вагони, но секој вагон има различен реден број. Запиши ги редните броеви според барањата:**

- третиот вагон обележи го со редниот број триесет и шести,
- вагонот кој се наоѓа помеѓу 47. и 55. е педесет и први,
- вагонот пред 98. обележи го со реден број на кој двете цифри се исти,
- последниот вагон обележи го со редниот број стоти.

ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПАРНИ И НЕПАРНИ БРОЕВИ ДО 1 000

1 Секој парен број обој го со зелена боја, а непарните броеви со црвена боја.

32	45	74	71	60
55	23	94	88	11
56	49	27	73	35

Запомни!

Секој **парен број** завршува со цифрата 0, 2, 4, 6 или 8.
Секој **непарен број** завршува со цифрата 1, 3, 5, 7 или 9.

2 Поврзи за да биде точно!

парен број

непарен број



3 а) Запиши ги парните броеви кои се наоѓаат помеѓу броевите 602 и 620.



б) Запиши ги непарните броеви кои се поголеми од 263, а помали од 281.



4 **Запиши ги претходниците и следбениците на броевите и донеси заклучок дали запишаните броеви се парни или непарни!**





_____	_____	_____	_____	_____	_____	_____	_____
претходник	следбеник	претходник	следбеник	претходник	следбеник	претходник	следбеник

Претходник и следбеник на парен број е _____ број.

Претходник и следбеник на непарен број е _____ број.

5 **Од дадените броеви пронајди ги и запиши ги:**

а) сите непарни броеви од најмал до најголем

б) сите парни броеви од најголем до најмал.

6 **Стефан замислил трицифрен парен број. Бројот има 9 стотки и 3 десетки. Кој број го замислил Стефан? Дали има и други броеви кои можеби Стефан ги замислил а содржат ист број на стотки и десетки?**

Одговор: _____

7 **Помогни ѝ на пчеличката Маја да стигне до цвеќињата почнувајќи од бројот, 15, летајќи само на непарни броеви да стигне до бројот 89.**

		15	8	16	50	44
22	34	37	92	54	66	38
48	2	49	56	36	70	86
14	94	73	61	4	58	24
30	28	12	57	76	98	52
68	42	96	3	19	33	65
10	74	82	40	64	88	7
62	20	18	78	90	26	21
80	32	46	60	72	6	93
						89

ФОРМИРАЊЕ НИЗА ОД БРОЕВИ ЗА ДВА ПОГОЛЕМИ ИЛИ ЗА ДВА ПОМАЛИ ОД ДАДЕН БРОЈ ДО 1 000

1 **Лина и Јасин скокаат со вреќи. Лина скокала по правилото наназад за 2, а Јасин скокал нанапред за 2. Запиши на кои броеви ќе скокне Лина, а на кои Јасин?**



Запомни!

При правење бројни низи се следи правило на броење. Ако го откриеш тоа правило, можеш да најдеш многу членови на бројната низа. На пример:
Нанапред „+2“: 0, 2, 4, 6, 8, 10, 12, 14...
Наназад „-2“: 20, 18, 16, 14, 12, 10...
Кој е десеттиот член во првата низа?
А кој е осмиот член во втората низа?

2 **Давор тргнал да оди во кино. Запиши ги броевите кои треба да ги помине на патеката од неговиот дом до киното, користејќи чекор нанапред за 2.**

Кој број ќе биде последен кога Давор ќе стигне во киното?

Одговор: Последниот број на кој Давор ќе застане пред влезот во киното е бројот _____

3 **Состави низа според правилото „наназад за 2“.**

– 2

265 263 ☐ ☐

249 247 ☐ ☐

– 2

325 323 ☐ ☐

290 288 ☐ ☐

4 **Открај го правилото и продолжи ги низите.**

450 ☐ 454 456 ☐ ☐ 462 ☐ ☐ ☐

Правилото е _____

630 628 ☐ 624 ☐ ☐ 618 ☐ ☐ ☐

Правилото е _____

280 ☐ 276 274 ☐ ☐ 268 ☐ ☐ ☐

Правилото е _____

566 568 ☐ 572 ☐ ☐ 578 ☐ ☐ ☐

Правилото е _____

5 **Мина денес има 856 денари, таа секој ден заштедувала по 2 денара за да ги купи омилените очила, капа и костим за капење. Колку денари ќе има Мина по една седмица и дали ќе има доволно да ги купи сите посакувани работи или само некои? Што сигурно може да купи Мина?**

856 денари

440 денари

430 денари

870 денари

Одговор:

☐ ☐ ☐ ☐ ☐ ☐ ☐

1 Од дадените картички со цифри состави трицифрени броеви, запиши ги со цифри и со зборови. Прочитај му на другарчето кои броеви ги состави!



број ☐ _____

број ☐ _____

број ☐ _____

2 Запиши ги броевите од абакус.



3 Дополни за да биде точно!

342 = ☐ С + ☐ Д + ☐ Е

719 = ☐ С + ☐ Д + ☐ Е

☐ = 1С + 7Д + 6Е

☐ = 5С + 3Д + 4Е

4 На бројните прави на кои се обележани две соседни полни стотки, дополни ги трицифрените броеви кои недостасуваат!



5 Обој го крукчето во кое е запишан точниот знак.

245 > = < 254 | 562 > = < 561

393 > = < 339 | 162 > = < 261

6 Запиши четири непарни броеви. Запиши го следбеникот и претходникот на секој од броевите. Дали се тие парни или непарни броеви?



ГЕОМЕТРИЈА

Резултати од учење:

- мери и црта отсечка;
- опишува 2Д и 3Д-форми и наведува сличности и разлики меѓу нив;
- брои и црта линии на симетрија;
- одредува положба на објект во квадратна мрежа и движи објекти по квадратна мрежа.

Содржини:

- Отсечка
- 2Д-форми
- 3Д-форми
- Линија на симетрија и симетрија во околината
- Положба, насока и движење

Речник на нови поими

- отсечка
- точка
- припаѓа
- не припаѓа
- теме
- страна
- прав агол
- седумаголник
- осумаголник
- деветаголник
- десетаголник
- ѕид
- раб
- призма
- симетрија
- линија на симетрија
- редици
- колони
- квадратна мрежа

ОТСЕЧКА

Да се потсетиме!

Долга права линија се вика **ПРАВА**.



На правата линија може да **лежи** (припаѓа) и да **не лежи** (не припаѓа) некоја точка.

Дел од правата линија што е ограничена со две точки се вика ОТСЕЧКА.

Точките A и B се крајни точки на отсечката.
Должината на секоја отсечка ја означуваме $\overline{AB}$.

Измери ја отсечката $\overline{AB}$ и провери дали нејзината должина е 7cm.

1 **Запиши го во табелата бројот на линиите и точките:**



ПРАВИ	ТОЧКИ	ОТСЕЧКИ	КРИВИ ОТВОРЕНИ ЛИНИИ	КРИВИ ЗАТВОРЕНИ ЛИНИИ

2 Поврзи ги точките според дадените примери, користејќи линијар.



3 Именувај ги и запиши ги сите отсечки од цртежот. Колку вкупно отсечки има?



Одговор: _____

4 На отсечката AB лежат точките _____, а точките _____ не лежат.



Означување точки:
- лежи/припаѓа на отсечката
- не лежи/не припаѓа на отсечката

5 Нацртај отсечка на која припаѓаат точките A и B и точка R која не припаѓа на отсечката.

6 **Користејќи линијар, измери ги должините на отсечките и запиши ги.**



$\overline{AB}$ = ☐ $\overline{MN}$ = ☐ $\overline{OP}$ = ☐ $\overline{ST}$ = ☐

7 **Користејќи линијар, нацртај три отсечки со должини и именувај ги:**

а) 5 cm

б) 3 cm

в) 8 cm

8 **Колку отсечки има на сликата:**



На сликата има ☐ отсечки.

Најдолгата отсечка е ☐; таа е долга ☐ cm.

Најкратката отсечка е ☐; нејзината должина е ☐ cm.

2Д-ФОРМИ
ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ 2Д-ФОРМИ

Да се потсетиме!

Надоврзани отсечки каде што почетната точка од првата отсечка и крајната точка на последната отсечка се совпаѓаат и формираат **МНОГУАГОЛНИК**.

МНОГУАГОЛНИК е затворена 2Д-форма од надоврзани отсечки. Секоја од отсечките ја нарекуваме страна на многуаголникот.

Секој многуаголник има три или повеќе агли.
Многуаголниците ги именуваме според бројот на агли: триаголник, четириаголник, петаголник, шестаголник, седумаголник, осумаголник, деветаголник, десетаголник.



1 **Именувај ги 2Д-формите прикажани на цртежот и напиши ги нивните имиња.**



2 Изброј и пополни ја табелата според барањата:



ОЗНАЧУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ТЕМЕ И СТРАНА НА 2Д-ФОРМИ

Да се потсетиме!

Елементи на многуаголникот се:



страни темиња агли

1 Запиши и именувај ги дадените многуаголници според страни, темиња и агли.

2Д-форми	име на многуаголник	страни	темиња	агли

2 **Колку страни и колку агли има секој од многуаголниците?**



страни ☐ страни ☐ страни ☐ страни ☐

агли ☐ агли ☐ агли ☐ агли ☐



страни ☐ страни ☐ страни ☐ страни ☐

агли ☐ агли ☐ агли ☐ агли ☐

3 **Поврзи ги многуаголниците според бројот на страните и темињата коишто ги имаат:**



4 Изброј ги бараните форми на секоја слика. Точниот одговор ти открива буква.



Колку триаголници има на цртежот?			Колку квадрати има на цртежот?			Колку шестаголници има на цртежот?			Колку правоаголници има на цртежот?		
18	7	14	9	11	8	5	7	8	8	9	6
М	А	О	Е	В	Г	С	П	О	Л	Р	Т

Кој збор го доби: _____

5 Предизвик! Можеш ли да откриеш кои од 2Д формите ги градат дадените многуаголници? Поврзи го секој многуаголник со неговите составни делови многуаголници како во примерот.
Потоа исечи од хартија и провери ги одговорите што ги избра!



ПРЕПОЗНАВАЊЕ ПРАВ АГОЛ КАЈ 2Д-ФОРМИ

Исечете круг од хартија. Превиткајте го кругот на половина. Потоа превиткајте уште еднаш на половина. Добивате 4 еднакви 2Д-форми, како на сликата. Формиран е прав агол!



И аголот кај триаголниот линијар на сликата е прав агол









1 **Колку е часот на часовникот? Каков агол формираат стрелките од часовникот?**

Часовникот покажува _____ часот.

Стрелките формираат _____.

2 **Пронајди ги правите агли на следниве слики направени од 2Д-форми.**



На сликата има _____ прави агли.



На сликата има _____ прави агли.

3 Воочи каков агол формира троседот?

Одговор: _____

4 Каде сè можеме да забележиме прави агли во нашата околина?

5 Колку прави агли воочуваш на цртежот?



Се воочуваат _____ прави агли.

2Д-ФОРМИ СПОРЕД БРОЈОТ НА СТРАНИТЕ



1 **Поврзи ги точките движејќи се во насока на стрелките на часовникот.**



Која фигура ја доби?

Одговор: _____

Колку страни има добиената фигура? ☐

Колку темиња има добиената фигура? ☐

Колку агли има добиената фигура? ☐

2 **Колку страни има секој деветаголник?**

Одговор: _____

3 **Колку темиња има седумаголникот?**

Одговор: _____

4 **Нацртај ги триаголниците во дадениот шестаголник.**



3Д-ФОРМИ
ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА 3Д-ФОРМИ

Повторуваме и се потсетуваме!

1 Поврзи ги 3Д-формите со соодветното име:











- КОНУС
- ЦИЛИНДАР
- КОЦКА
- ТОПКА
- ПИРАМИДА
- КВАДАР

2 **Од кои 2Д-форми се составени следниве 3Д-форми?**



Коцката е составена од: _____



Пирамидата на цртежот е составена од: _____



На цилиндарот се воочуваат _____ круга.



Квадарот е составен од: _____



3 **Кои 3Д форми ги препознаваш на дадените слики?**

_____	_____	_____	_____	_____	_____
					
_____	_____	_____	_____	_____	_____
_____	_____	_____	_____	_____	_____

ЕЛЕМЕНТИ НА 3Д-ФОРМИ

ЕЛЕМЕНТИ НА ПРИЗМА - ТЕМЕ, РАБ И ѕИД





Раб: заедничката отсечка на два соседни ѕида.

Теме: точка каде што се спојуваат рабовите.

Ѕид: Рамна површина со која е ограничена 3Д-формата.

Колку ѕида има коцката?

Коцката има _____ ѕида.



Каква форма имаат ѕидовите на коцката?

Ѕидовите на коцката се _____.

Од која мрежа може да се направи коцката?





1 Користејќи ја шемата, нацртај ги истите форми направени од коцки.



2 Користејќи ја шемата,обој ги истите форми направени од коцки.







Колку ѕида има квадарот?

Квадарот има _____ ѕида.

Каква форма имаат ѕидовите на квадарот?

Ѕидовите на квадарот се

_____.



3 **Користејќи ја шемата, нацртај ги истите форми направени од квадари.**

Дали коцката е квадар?



ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ѕИДОВИ, РАБОВИ И ТЕМИЊА НА 3Д-ФОРМИ

1 Разгледај ги 3Д-формите, воочи ги сличностите и пополни ја табелата.

3D Форма	Број на темиња	Број на рабови	Број на ѕидови
			
			

2 Нацртај мрежа на:

коцка

квадар

3 Предизвик! Дадената фигура е направена од коцки во различни бои. Ако ја погледнеме од горе, што ќе видиме? Поврзете ја формата што ја гледате со соодветниот цртеж.
Направете и вие 3Д-форми од коцки. Гледајте ги од повеќе страни (од горе, од напред, од лево...). Нацртајте и обојте што гледате!



ПОВРЗУВАЊЕ 2Д-ФОРМИ СО МРЕЖИ НА 3Д-ФОРМИ

1 Од кои 2Д-форми е составена секоја мрежа на 3Д-форма?



Мрежа на **триаголна пирамида**.
Составена е од **четири триаголници**.



Мрежа на _____
Составена е од _____.



Мрежа на _____
Составена е од _____.



Мрежа на _____
Составена е од _____.

ЛИНИЈА НА СИМЕТРИЈА И СИМЕТРИЈА ВО ОКОЛИНАТА

ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ЦРТАЊЕ ЛИНИИ НА СИМЕТРИЈА КАЈ 2Д-ФОРМИ

Да се потсетиме!

Кога една форма е симетрична? Како изгледа таа? Што е карактеристично за формата што е симетрична? Обидете се да нацртате и исечете симетрична форма, ако превиткате лист хартија на половина!

Во нашата околина, но и во природата, среќаваме многу симетрични форми и предмети. Ја забележувате ли нивната симетричност?

1 Повлечи ги линиите на симетрија на следниве 2Д-форми:



2 **Некои букви од нашата азбука се симетрични. Пронајдете ги можните линии на симетрија на буквите и нацртајте ги!**

А М Н Х О

Што забележувате?
На некои букви може да се повлече една линија на симетрија.
На некои букви може да се повлечат две линии на симетрија.

3 **Пронајди го другиот дел на секоја од куќите кои се симетрични и поврзи ги помеѓу себе.**



4 Доцртај ги симетричните делови на фигурите. При цртањето користи ја мрежата од квадратчиња.



5 Секоја 2Д-форма доцртај ја така што ќе добиеш симетрична 2Д-форма.



ПОЛОЖБА, НАСОКА И ДВИЖЕЊЕ

ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОЛОЖБА ВО КВАДРАТНА МРЕЖА

1 **Во дадената мрежа најди ја положбата на секое обоено крукче во соодветната боја и пренеси ја сликата во другата координатна мрежа!**





2 На која положба во квадратнатамрежа се наоѓаат животните? Запиши ја прво положбата во колоната, а потоа во редот!

	1	2	3	4	5	6	7	8	9
1									
2									
3									
4									
5									
6									
7									
8									
9									

	2	9			

3 Пронајди ја положбата на секое животно во мрежата и запиши ја, така што прво ќе ја определиш положбата во редот, а потоа во колоната во која се наоѓа.

	А	Б	В	Г	Д	Ѓ	Е	Ж	З	S	И	Ј
1												
2												
3												
4												
5												
6												
7												
8												
9												
10												
11												
12												

	1	Ѓ			

4 **Обој ја мрежата според дадените инструкции!**

	А	Б	В	Г	Д	Ѓ	Е
1							
2							
3							
4							
5							
6							
7							

А-1 Е-1 А-7 Е-7	Б-2 Б-6 Ѓ-6 Ѓ-2	В-3 Д-3 В-5 Д-5
Г-7 Е-4 Г-1 А-4	Г-4	В-4 Г-5 Д-4 Г-3

5 **Користејќи ги стрелките, покажи му го патот на мајмунот да дојде до бананата, а куферот смести го во авионот. Најди неколку различни патишта на движење низ мрежата!**







6 **Погледни ја мапата и одреди ги позициите на објектите.**



7 **За Иван подобро да се снајде, мапата од градот ја поставил во квадратна мрежа. Помогни му на Иван да ја запише положбата на секој објект во градот, согласно мапата.**



ДВИЖЕЊЕ ОБЈЕКТИ ПО ДАДЕНА НАСОКА ВО КВАДРАТНА МРЕЖА

За да ја одредиш положбата на објектите ќе ја користиш **координатната мрежа**, во која се именувани колоните (А, Б, В,...Ѓ) и редиците (1, 2, 3,...6).

1 **Напиши кој предмет се наоѓа на дадената позиција од координатната мрежа:**

А, 3 → _____ Г, 6 → _____

Б, 5 → _____ Д, 4 → _____

В, 1 → _____ Ѓ, 2 → _____

2 Нацртај ги стрелките по кои треба да се движи полицаецот за да стигне до својот автомобил:





ПОВТОРУВАМЕ, ВЕЖБАМЕ

1 Нацртај отсечка AB со должина од 6cm. Означи точка C која припаѓа на отсечката и точка D која не припаѓа на отсечката AB.

2 Секоја 3Д форма поврзи ја со 2Д форма од која е составена.



3 По колку линии на симетрија може да се повлечат на следните фигури:



а) _____ б) _____ в) _____ г) _____

4 Претстави ја позицијата на секое животно во дадената квадратна мрежа.



ЖИВОТНО	ПОЗИЦИЈА	ЖИВОТНО	ПОЗИЦИЈА
КОЊ	Д - 6		

ОПЕРАЦИИ СО БРОЕВИ

Резултати од учење. Ученикот:

- собира и одзема броеви до 1 000
- удвојува и преполовува броеви до 1 000
- множи и дели со 2, 3, 4, 5, 6, 9 и 10
- наоѓа половина, третина, четвртина, петтина, шестина, осмина, деветтина и десеттина од група предмети до 100

Содржини:

- Собирање и одземање до 1 000
- Удвојување и преполовување броеви до 1 000
- Множење и делење со 1, 2, 3, 4, 5, 6, 9 и 10
- Дропки

Речник на нови поими

- број
- собирок
- збир
- намаленик
- намалител
- разлика
- комутативно својство
- удвојување
- преполовување
- множење
- множител
- производ
- делење
- деленик
- делител
- количник
- остаток
- дропка
- броител
- именител
- дробна црта

СОБИРАЊЕ СТОТКИ ДО 1 000

Во второ одделение ги користеше бројните столбови при собирање.

Да се потсетиме!

Потсети се на постапката на собирање полни десетки.



4 Д + 1 Д = 5 Д

	Д	Е
	4	0
+	1	0

40 + 10 = ☐

собирање

40 + 10 = 50

собирок собирок збир



5 Д + 5 Д = 10 Д = 1 С

	С	Д	Е
		5	0
+		5	0

50 + 50 = ☐

10 Д можеме да ги претставиме како 1 С = 100



Запомни!
При собирање двоцифрени броеви со полни десетки, се собираат цифрите на десетките, а на местото на единиците се запишува нула.

1 **Пресметај:**

а) 40 + 30 = ___ + 40 = 70

б) 60 + 20 = 60 + ___ = 80

в) 70 + 10 = ___ + 70 = 80

г) 20 + 50 = 20 + ___ = 70

Ајде да собираме полни стотки!



1 С + 1 С = 2 С

100 + 100 = 200

	С	Д	Е
	1	0	0
+	1	0	0
	2	0	0

$1 + 1 = 2$
$10 + 10 = 20$
$100 + 100 = 200$

Запомни!
При собирање трицифрени броеви со полни стотки, се собираат стотките, а на местата на десетките и единиците се запишуваат нули.

2 **Пресметај користејќи ја бројната права.**



100 + 100 = 200



300 +300 = ☐



400 +300 = ☐

3 **Поврзи ги корнетите со соодветните топки сладолед за собирањето да биде точно.**



4 **Пресметај:**

100 + 400 + 400 = ☐

300 + 100 + 200 = ☐

100 + 200 + 100 = ☐

100 + 400 + 500 = ☐

100 + 300 + 300 = ☐

200 + 100 + 400 = ☐

100 + 300 + 100 = ☐

100 + 400 + 100 = ☐

5 **Пополни ги празните крукчиња за да добиеш точен збир.**



6 **Јосиф купил палто за 600 денари и шал за 300 денари. Колку денари потрошил Јосиф?**

Решавање:

Одговор: Јосиф потрошил _____ денари.

7 **Тијана има 300 денари. Во џебот нашла уште банкнота од 100 денари и 2 банкноти од по 200 денари. Колку денари има Тијана?**

Решавање:

Одговор: Тијана има _____ денари.



Мартина има 350 коцки. Марко ѝ дал уште 10 коцки. Колку коцки има Мартина?

Решавање:

350 + 10 =

собирање во табела

	С	Д	Е
	3	5	0
+		1	0
	3	6	0

собирање во колона

$$\begin{array}{r} 350 \\ +\ 10 \\ \hline 360 \end{array}$$

собирање со разложување



3 С 5 Д + 1 Д = 3 С 6 Д = 300 + 60 = 360

Одговор: Мартина има _____ коцки.

Марио има 350 коцки. За роденден добил уште 100 коцки. Колку коцки има Марио?

Решавање:

350 + 100 =

собирање во табела

	С	Д	Е
	3	5	0
+	1	0	0
	4	5	0

собирање во колона

$$\begin{array}{r} 350 \\ +\ 100 \\ \hline 450 \end{array}$$

собирање со разложување



3С 5 Д + 1 С = 4 С 5 Д = 400 + 50 = 450

Одговор: Марио има _____ коцки.

Запомни!
Цифрите во собироците кои стојат на иста позиција (класа), се запишуваат една под друга. Собираме почнувајќи од единиците!

1 **Пресметај во табелата.**

	+ 10	+ 20	+ 100	+ 200
178				
257				
312				
441				
526				
689				
634				
753				

2 **Со помош на стрелките пресметај ги збировите.**

520 + 20 = 520 (+ 10, + 10)

140 + 50 = 140 (+ 10, + 10, + 10, + 10, + 10)

320 + 400 = 320 (+ 100, + 100, + 100, + 100)

280 + 500 = 280 (+ 100, + 100, + 100, + 100, + 100)

3 **Започни да собираш и запишувај го збирот во соодветното крукче. Продолжи понатаму! Кој е последниот збир?**

+40 +30 +80 +100 +20 =





4 На бројот 450 додај го збирот на броевите 50 и 30.

Решавање:

5 Каја запишала четири броја. Најмалиот е 230, а секој следен е за 50 поголем од претходниот. Кои броеви ги запишала Каја?

Решавање:

Одговор: _____

6 Збирот на броевите кои се запишани на предната и на задната страна на секоја коцка е 110. Пресметај го збирот на броевите од задната страна на сите коцки.

Решавање:



на пр.: 70 + ___ = 110

7 Во училиште во прво одделение има 150 ученици, во второ за 40 ученици повеќе од прво одделение, а во трето одделение 100 ученици повеќе од второ одделение. Колку вкупно ученици има во трите одделенија?

Решавање:

Одговор: _____

ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОГОЛЕМ/ПОМАЛ БРОЈ ЗА 1, 10, 100 ОД ТРИЦИФРЕН БРОЈ

1 **Пополни ги празните полиња.**

	– 1	+ 1		– 1	+ 1		– 1	+ 1
	79			250			319	
	500			690			999	

Што забележа?

- Поголем број за 1 од даден број е неговиот следбеник.
- Помал број за 1 на даден број е неговиот претходник.

2 **Пресметај и пополни ги празните полиња кај мајмунчињата.**



3 Пополни ги табелите.

Кога на даден број определуваме поголем број за 10, ја зголемуваме за 1 цифрата на десетките .
Кога на даден број определуваме помал број за 10, ја намалуваме за 1 цифрата на десетките.

– 10		+ 10
	154	
	253	
	319	
	462	
	390	
	616	
	248	

Кога на даден број определуваме поголем број за 100, ја зголемуваме цифрата на стотките.
Кога на даден број определуваме помал број за 100, ја намалуваме цифрата на стотките.

– 100		+ 100
	253	
	483	
	319	
	191	
	537	
	658	
	490	

4 Пронајди ги и поврзи ги половините од јаболката со соодветните збирови!

5 Дејан има 450 денари, а Коки 100 денари повеќе од Дејан. Колку денари има Коки, а колку денари имаат двајцата заедно?

Решавање:

Одговор: _____

6 Пресметај:



СОБИРАЊЕ ТРИЦИФРЕН БРОЈ СО ЕДНОЦИФРЕН, ДВОЦИФРЕН И ТРИЦИФРЕН БРОЈ ДО 1 000 БЕЗ ПРЕМИН

СОБИРАЊЕ ТРИЦИФРЕН БРОЈ СО ЕДНОЦИФРЕН БРОЈ ДО 1 000 БЕЗ ПРЕМИН

Да се пресмета збирот на броевите 215 + 3 = ☐

собирање во табела

	С	Д	Е
	2	1	5
+			3
	2	1	8

собирање во колона

$$\begin{array}{r} 215 \\ +\quad 3 \\ \hline 218 \end{array}$$

собирање со разложување



	2 С	1 Д	5 Е
+			3 Е
=	2 С	1 Д	8 Е

215 + 3 = 218

Запомни!

Цифрите кои стојат на исто место во броевите, ги запишуваме една под друга. Собирањето се врши почнувајќи од единици. Собираме единици со единици

5 Е + 3 Е = 8 Е

Се препишуваат цифрите на десетки и стотки од првиот собирок.

Постапка за собирање со разложување на собироците и додавање:

215 + 3 = (200+10+5) + 3 = 200+10 + (5+3) = 200+10+8=218

1 **Пресметај:**

а) 347 + 2 = б) 263 + 6 = в) 801 + 8 =

г) 560 + 9 = д) 681 + 7 = ѓ) 472 + 5 =

2 **Пресметај:**

636 —(+4)→ ☐ —(+3)→ ☐ —(+1)→ ☐ —(+6)→ ☐ —(+2)→ ☐ —(+3)→ ☐

305 —(+5)→ ☐ —(+3)→ ☐ —(+2)→ ☐ —(+5)→ ☐ —(+3)→ ☐ —(+5)→ ☐

3 **Пресметај го збирот.**





4 **Мирјана сложува сложувалка. Сложила 245 делчиња. За да биде готова сложувалката треба да сложи уште 4 делчиња. Од колку делчиња е сложувалката?**

Решавање:

Одговор: _____

СОБИРАЊЕ ТРИЦИФРЕН БРОЈ СО ДВОЦИФРЕН БРОЈ ДО 1 000 БЕЗ ПРЕМИН

Да се пресмета збирот на броевите 215 +43 = ☐

собирање со табела

	С	Д	Е
	2	1	5
+		4	3
	2	5	8

собирање со колона

$$\begin{array}{r} 215 \\ +\ \ 43 \\ \hline 258 \end{array}$$

собирање со разложување



$$\begin{array}{rrrr} & 2\,С & 1\,Д & 5\,Е \\ + & & 4\,Д & 3\,Е \\ \hline = & 2\,С & 5\,Д & 8\,Е \end{array}$$

215 + 43 = 258

Запомни!

Цифрите кои стојат на исто место во броевите, ги запишуваме една под друга. Собирањето се врши почнувајќи од единици. Собираме единици со единици

5 Е + 3 Е = 8 Е

Собираме десетки со десетки

1 Д + 4 Д = 5 Д

Се препишува цифрата на стотки од првиот собирок.

Постапка на собирање со разложување и дополнување :

215 + 43 = (200 + 10 + 5) + (40 + 3) = 200 + (10 + 40) + (5 + 3) = 200 + 50 + 8 = 258

1 **Пресметај:**

а) 267 + 22 =
б) 724 + 51 =
в) 562 + 37 =
г) 103 + 71 =
д) 821 + 74 =
ѓ) 345 +23 =

2 **Поврзи го збирот запишан на секој од камионите со соодветните собироци запишани на кутиите.**







3 **Пресметај го збирот ако првиот собирок е 621, а вториот собирок е збир на броевите 32 и 15.**

Решавање:

Одговор: _____

4 **Горан во албум залепил 113 сликички. Му останале за лепење уште 31 сликичка. Колку вкупно сликички има во албумот?**

Решавање:

Одговор: _____

5 **Во музеј имало 200 посетители. Дошле уште 26, а подоцна уште 31. Колку вкупно посетители имало во музејот?**

Решавање:

Одговор: _____

3

СОБИРАЊЕ ТРИЦИФРЕН БРОЈ СО ТРИЦИФРЕН БРОЈ ДО 1 000 БЕЗ ПРЕМИН

Да се пресмета збирот на броевите 215 +143 = ☐

собирање во табела

	С	Д	Е
	2	1	5
+	1	4	3
	3	5	8

собирање во колона

$$\begin{array}{r} 215 \\ +\ 143 \\ \hline 358 \end{array}$$

собирање со разложување



$$\begin{array}{rccc} & 2\,С & 1\,Д & 5\,Е \\ + & 1\,С & 4\,Д & 3\,Е \\ \hline = & 3\,С & 5\,Д & 8\,Е \end{array}$$

215 + 143 = 358

Запомни!

Цифрите кои стојат на исто место во броевите, ги запишуваме една под друга. Собирањето се врши почнувајќи од единици. Собираме единици со единици

5 Е + 3 Е = 8 Е

Собираме десетки со десетки

1 Д + 4 Д= 5 Д

Собираме стотки со стотки

2 С + 1 С = 3 С

Постапка на собирање со разложување и дополнување :

215 + 143 = (200 + 100) + (10 + 40) + (5 + 8) = 300 + 50 + 8 = 358

1 **Пресметај и пополни ја табелата.**

собирок	312	420	109	537	322	701	803
собирок	177	475	470	461	566	198	190
збир							

2 **Пресметај:**

а) 267 + 122 = б) 724 + 151 = в) 562 + 137 =

г) 103 + 171 = д) 821 +174 = ѓ) 345 +123 =

3 Пресметај според првиот пример.



	С	Д	Е
	1	2	3
+	1	2	6
	2	4	9



	С	Д	Е
+			



	С	Д	Е
+			



	С	Д	Е
+			

4 Пресметај ги збировите, а потоа поврзи ги рибите со аквариумите на кои им припаѓаат.



183+113 •
231+237 •
195+404 •
186+213 •
474+325 •
109+260 •

• 468
• 799
• 369
• 399
• 296
• 599

5 Пресметај ги збировите!

172 + 317

611 + 362

451 + 127

434 + 423

700 + 145

801 + 154

6 Милица штедела пари за да купи книга. Имала заштедено 223 денари, дедо ѝ и дал уште 154 денари. Колку денари има Милица?

Решавање:

Одговор: _____

7 Јана купила тегла џем за 345 денари и чоколадо за 132 денари. Колку денари потрошила Јана?

Решавање:

Одговор: _____

СОБИРАЊЕ ТРИЦИФРЕН БРОЈ СО ЕДНОЦИФРЕН, ДВОЦИФРЕН И ТРИЦИФРЕН БРОЈ ДО 1 000 СО ПРЕМИН

СОБИРАЊЕ ТРИЦИФРЕН БРОЈ СО ЕДНОЦИФРЕН БРОЈ ДО 1 000 СО ПРЕМИН

Да се пресмета збирот на броевите 143 + 8 = ☐

собирање во табела

	С	Д	Е
	1	4	3
+			8
	1	5	11

собирање во колона

$$\begin{array}{r} 1\,\overset{1}{4}3 \\ +\quad 8 \\ \hline 151 \end{array}$$

собирање со разложување



$$\begin{array}{r} 1\,С\ \overset{1}{4}\,Д\ \ 3\,Е \\ +\qquad\quad 8\,Е \\ \hline =\ 1\,С\ 5\,Д\ \ 1\,Е \end{array}$$

143 + 8 = 151



Запомни!

Собирањето започнува од единиците.
3Е+8Е = 11Е = 1Д 1Е
Запишуваме 1 Е, а 1 Д помниме, односно ја запишуваме над цифрата на десетки.
Десетката која ја помниме ја собираме со десетката од првиот собирок
4 Д + 1 Д = 5 Д.
Се препишува цифрата 1 на стотките.

Постапка на собирање со дополнување до полна десетка:
143 + 8 = 143 + (7 + 1) = (143 + 7) + 1 = 150 + 1 = 151

1 **Пресметај:**

а) 278 + 2 = б) 612 + 9 = в) 435 + 6 =
г) 183 + 8 = д) 826 + 9 = ѓ) 709 + 7 =

2 **Пресметај:**

а) 479 + 2 = б) 415 + 7 = в) 235 + 9 =
г) 572 + 9 = д) 856 + 8 = ѓ) 504 + 7 =

3 Пресметај ги збировите и запиши го во облачето.



4 За вагата да биде во рамнотежа запиши го збирот во празните квадратчиња.



5 Пресметај.

+	6	5	3
268			
309			
629			

+	7	4	8
707			
418			
167			

6 Во забавен парк се продадени 193 билети претпладне. Попладне се продале уште 8 билети. Колку билети се продале тој ден во забавниот парк?

Решавање:

Одговор: _____

7 Првиот собирок е 547, а вториот собирок е најголемиот едноцифрен непарен број. Пресметај го збирот.

Решавање:

8 Лара на новогодишната елка ставила 168 светилки, 9 лампиони и 8 машнички. Со колку украси Лара ја украсила новогодишната елка?

Решавање:

Одговор: _____

СОБИРАЊЕ ТРИЦИФРЕН БРОЈ СО ДВОЦИФРЕН БРОЈ ДО 1 000 СО ПРЕМИН

Да се пресмета збирот на броевите 248 + 87 = ☐

собирање во табела

	С	Д	Е
	2 (1)	4 (1)	8
+		8	7
	3	(1)3	(1)5

собирање во колона

```
  1 1
  248
+  87
  335
```

собирање со разложување




```
   1   1
  2 С 4 Д  8 Е
+       8 Д  7 Е
= 3 С 3 Д  5 Е
```

248 + 87 = 335

Размисли и воочи како е добиен збирот. Објасни! Може ли да групираш и на друг начин? Зошто?

248 + 87 = 248 + (80 + 7) = (248 + 80) + 7 = 328 + 7 = 335

Запомни!

Собирањето започнува од единиците.

8 Е + 7 Е = 15 Е = 1Д 5Е

Запишуваме 5 Е, а 1 Д помниме, односно ја запишуваме над цифрата на десетки и ја собираме со десетките од собироците.

4 Д + 8 Д + 1 Д = 13 Д = 1С 3Д

Запишуваме 3 Д, а 1 С помниме, односно ја запишуваме над цифрата на стотки и ја собираме со стотките.

2 С + 1 С = 3 С

1 **Пресметај:**

а) 2 С 4 Д 7 Е
+ 6 Д 4 Е

б) 4 С 7 Д 6 Е
+ 4 Д 5 Е

в) 8 С 3 Д 5 Е
+ 8 Д 5 Е

2 Пресметај ги збировите и запиши ги на празните линии.



3 Пресметај ги збировите во колона или со дополнување, а потоа поврзи ги!

Решавање:







4 **Колку чинат играчките на Едо?**

Решавање:

135 ден

58 ден

69 ден

Одговор: _____

5 **Состави задача со собирање според податоците на таблите и реши ја.**

Решавање:

Одговор: _____

6 **Предизвик! Рашо има 326 сликички и 8 џамлии, Игор има 328 сликички и 4 џамлии. Адам има помалку сликички од Игор, а повеќе од Рашо. Адам има за 2 повеќе џамлии од Игор. Кој има најмногу и сликички и џамлии заедно?**

Решавање:



Одговор: _____

СОБИРАЊЕ ТРИЦИФРЕН БРОЈ СО ТРИЦИФРЕН БРОЈ ДО 1 000 СО ПРЕМИН

Да се пресмета збирот на броевите 248 + 187 = ☐

собирање во табела

	С	Д	Е
	2 (1)	4 (1)	8
+	1	8	7
	4	(1)3	(1)5

собирање во колона

```
  1 1
  248
+ 187
  435
```

собирање со разложување



Започнуваме од единиците.

	2	4	8
+	1	8	7
			5

Во збирот на единици имаме десетка, ја собираме со десетките.

		1	
	2	4	8
+	1	8	7
		3	5

Во збирот на десетките имаме стотка, ја собираме со стотките.

	1	1	
	2	4	8
+	1	8	7
	4	3	5

```
  1   1
  2С  4Д  8Е
+ 1С  8Д  7Е
= 4С  3Д  5Е
```

248 + 187 = 435

Пронајди и други стратегии за собирање трицифрени броеви. На пример, собирај со разложување и **дополнување** до полни стотки и десетки:
248+187 = (200+40+7)+(100+80+7)=(200+100)+(40+80)+(8+7)=300+(100+20)+(10+5)=(300+100)+(20+10)+5 = 400+30+5 = 435

Запомни!

Собирањето започнува од единиците.

8 Е + 7 Е = 15 Е = 1Д 5Е

Запишуваме 5 Е, а 1 Д помниме, односно ја запишуваме над цифрата на десетки и ја собираме со десетките од собироците.

4 Д + 8 Д + 1 Д = 13 Д = 1С 3Д

Запишуваме 3 Д, а 1 С помниме, односно ја запишуваме над цифрата на стотки и ја собираме со стотките.

2 С + 1 С + 1 С = 4 С

1 **Пресметај го збирот на броевите.**

	1	5	7
+	1	5	5

	2	3	9
+	1	9	6

	4	2	9
+	1	9	3

	3	5	3
+	1	6	8

	4	3	7
+	1	7	4

	4	2	6
+	1	9	5

2 **Пресметај:**

а) 287 + 18 + 45 =

б) (36 + 168) + 134 =

в) 780 + 47 + 116 =

г) 256 +482 + 60 =

д) 365 + (47 + 123) =

ѓ) 307 + (256 + 86) =

3 **Пресметај ги збировите, пронајди ги на кошниците и поврзи ги!**



4 На најмалиот парен број од 3. стотка додај го најголемиот двоцифрен број. Кој број го доби?

Решавање:

Одговор: _____

5 Во зоолошка градина има вкупно 146 животни. Најавено е дека ќе купат уште 67 животни, а 49 ќе добијат како подарок. Колку вкупно животни ќе има во зоолошката градина?

Решавање:

Одговор: _____

6 Една зграда е градена една година и 38 денови. Колку денови е градена зградата?

Решавање:

Одговор: _____

7 На летен камп летувале 287 момчиња и 182 повеќе девојчиња од момчиња. Колку девојчиња, а колку вкупно деца летувале на летниот камп?

Решавање:

Одговор: _____



Пресметај го збирот, ако собироците се 200 и 60.

Иван и Дамир задачата ја решиле на различен начин.
Кој ја решил задачата точно?

Двајцата добиле исто решение, а тоа е бројот 260.

200 + 60 = 260 60 + 200 = 260

200 + 60 = 60 + 200

При собирање, ако собироците си ги променат местата збирот не се менува. Ова е **комутативното својство** на собирањето.

1 **Без да пресметуваш поврзи ги бројните изрази кои имаат ист збир.**





2 **Во празните квадратчиња запиши ги броевите кои недостасуваат за равенствата да бидат точни.**

а) 400 + _____ = 30 + 400

б) _____ + 300 = 300 + 5

в) 120 + 0 = _____ + 120

г) 80 + 700 = 700 + _____

3 **Ада има 150 црвени шноли и 40 сини. Еда има 40 црвени шноли и 150 сини. Колку шноли има Ада, а колку Еда? Што забележуваш, кој има повеќе?**

Решавање:

Одговор: _____

4 **Запиши го комутативното својство на собирањето, ако собироците се:**

а) 54 и 270 б) 800 и 150 в) 45 и 355

5 **Најди го патот на секоја од рибите до акваријумот. Што забележуваш?**



ОДЗЕМАЊЕ ПОЛНИ СТОТКИ ДО 1 000

Да се потсетиме!

Потсети се на постапката на одземање полни десетки.



3 Д - 1 Д = 2 Д

30 – 10 = ☐

одземање

30 – 10 = 20

намаленик намалител разлика

Во колона

	Д	Е
	3	0
–	1	0
	—	—

Во второ одделение ги користеше бројните столбови при одземањето



10 Д можеме да ги претставиме како 1 С =100



10 Д - 4 Д = 6 Д

100 – ☐ = 60

	С	Д	Е
	~~1~~	(10) 0	0
–		4	0
		6	0

1 **Пресметај!**

100 – 70 = ☐ 40 – 30 = ☐

90 – 50 = ☐ 60 – 20 = ☐

30	80	100	100
– 20	– 50	– 80	– 50
☐	☐	☐	☐

2 **Намаленикот е 90, а намалителот е 30. Колку е разликата?**

Решавање:

Ајде да разгледаме одземање на полни стотки!



Во колона

	С	Д	Е
	3	0	0
–	2	0	0
	1	0	0

3 С - 2 С = 1 С или 300 - 200 = ☐

Запомни!

И кај одземањето се започнува од единиците.

При одземање двоцифрени броеви со полни десетки, се одземаат десетките, а на местото на единиците се запишува нула.

При одземање трицифрени броеви со полни стотки, се одземаат стотките, а на местото на десетките и единиците се запишуваат нули.

3 **Пресметај!**

900 – 200 = ☐ → ☐ – 300 = ☐ → ☐ – 100 = ☐

800 – 400 = ☐ → ☐ – 200 = ☐ → ☐ – 100 = ☐

4 **Пресметај ја разликата и запиши ја соодветната буква во табелата.**

900 – 100	600 – 400	800 – 400	700 – 100	1 000 – 500

400	600	800	200	500

5 **Сара има 500 денари, купила очила кои чинеле 400 ден. Колку денари ѝ останале на Сара?**

Решавање:

Одговор: На Сара ѝ останале _____ денари.

6 **Дедо Лазар имал 1 000 килограми јаболка. На крајот од денот му останале непродадени уште 300 килограми. Колку килограми јаболка продал дедо Лазар?**

Решавање:

Одговор: Дедо Лазар продал _____ килограми јаболка.

ОДЗЕМАЊЕ ПОЛНИ СТОТКИ ОД ТРИЦИФРЕН БРОЈ

Да се потсетиме!



5Д 5Е – 2Д = 3Д 5Е
55 – 20 = 35

Во колона

	Д	Е
	5	5
–	2	0
	—	—

Започнуваме да одземаме од единиците

1 **Пресметај што ќе добие истражувачот од неговите машини за одземање!**





Да разгледаме како ќе одземеме полна стотка од трицифрен број!



1С 4Д 6Е – 1С = ☐ Д ☐ Е
146 – 100 = 46

Кога во бројот прва цифра е **0** таа не се пишува

	С	Д	Е
	1	4	6
–	1	0	0
	~~0~~	4	6

1 – 1 = 0 | 4 – 0 = 4 | 6 – 0 = 6

Запомни!

При одземање двоцифрени броеви со полни десетки, се започнува од единиците, а потоа се одземаат десетките.

При одземање трицифрени броеви со полни стотки, се започнува од единиците, потоа десетките и на крај се одземаат стотките.

2 Пресметај ја разликата, а потоа обој ја подморницата според дадените бои.



90 260 350 480

3 Продолжи ја низата пресметувајќи ја разликата на броевите.

– 200 – 100 – 300 – 200 – 100

990 ( ) ( ) 390 ( ) ( )

– 100 – 200 – 200 – 100 – 200

864 ( ) 564 ( ) ( ) ( )

4 Во еден автобус патувале 210 патници. На првата станица се симнале 100 од патниците. Колку патници го продолжиле патувањето со автобусот?

Решавање:

Одговор: Патувањето со автобусот го продолжиле _____ патници.

5 Разликата на броевите 450 и 200, намали ја за 100. Кој број го доби?

Решавање:

Одговор: Го добив бројот _____ .

6 На една роденденска забава пристигнале 540 гости. Од гостите 300 пиеле сок од праска, а останатите гости пиеле сок од портокал. Колку гости пиеле сок од портокал? Од кој сок повеќе пиеле гостите?

Решавање:

Одговор: Сок од портокал пиеле _____ гости .
Повеќето од гостите пиеле сок од _____ .

ОДЗЕМАЊЕ ПОЛНИ ДЕСЕТКИ ОД ТРИЦИФРЕН БРОЈ

Да разгледаме како се одземаат полни десетки од трицифрен број



4С 3Д 4Е – 2Д = 4С 1Д 4Е
434 – 20 = 414

	С	Д	Е
	4	3	4
–		2	0

4С

3Д – 2Д = 1Д

4Е – 0Е = 4Е

Запомни!
При одземање полна десетка од трицифрен број, започнуваме од единиците, потоа ги одземаме десетките и на крај стотките ги препишуваме.

1 **Пресметај!**

674 – 70 =	398 – 60 =	444 – 10 =	580 – 80 =	210 – 10 =

Да го разгледаме примерот 305 – 70 =?

С Д Е

Одземаме од единиците 5 – 0 = 5



Позајмуваме од стотката. 100 – 70 = 30



На крајот двете стотки ги препишуваме.
200

Започнуваме од единиците.

	3	0	5
–		7	0
			5

Што да правиме, кога нема десетка? Позајмуваме од стотката во која има десет десетки.

2 10

	~~3~~	0	5
–		7	0
		3	5

5Е – 0Е = 5Е
10Д – 7Д = 3Д
2С

	3	0	5
–		7	0
	2	3	5

2 **Примени го новото знаење во дадените примери.**

710 – 20 = ☐
630 – 50= ☐

$$\begin{array}{r} 920 \\ -\ \ 30 \\ \hline \square \end{array} \qquad \begin{array}{r} 430 \\ -\ \ 40 \\ \hline \square \end{array}$$

254 – 70 = ☐
369 – 80= ☐

3 **Пресметај ги разликите на броевите и буквата што одговара запиши ја во крукчето. Прочитај кој збор го доби!**

480 – 60 = ☐ ○
570 – 40 = ☐ ○
346 – 20 = ☐ ○
255 – 50 = ☐ ○
760 – 60 = ☐ ○
816 – 10 = ☐ ○

530	А
700	Ч
806	И
420	З
326	Д
205	А

збор:

4 **На атлетската трка се пријавиле 190 атлетичари. Во текот на трката 80 атлетичари се откажале. Колку од атлетичарите пристигнале на целта?**

Пријавени атлетичари: _____
Откажани во текот на трката: _____
Пристигнале на целта: _____

С	Д	Е

Одговор: На целта пристигнале _____ атлетичари.

5 **Боби сака да купи фотоапарат кој чини 230 евра. Тој од баба му добил 80 евра. Колку евра треба да додаде од својата заштеда за да го купи фотоапаратот?**

Фотоапаратот чини: _____
Од баба му добил: _____
Од заштедата да земе: _____

С	Д	Е

Одговор: Од заштедата треба да земе _____ евра.

ОДЗЕМАЊЕ ЕДНОЦИФРЕН, ДВОЦИФРЕН И ТРИЦИФРЕН БРОЈ ОД ТРИЦИФРЕН БРОЈ

ОДЗЕМАЊЕ ЕДНОЦИФРЕН БРОЈ ОД ТРИЦИФРЕН БРОЈ

Да се пресмета разликата на броевите 403 - 3 = ☐



	С	Д	Е
	4	0	3
–	↓	↓	3
			0

4С 3Е – 3Е = 4С

403 – 3= ☐

4С | 0Д | 3Е – 3Е = 0Е

1 Колку мед собрале пчелките во својата кошница?

Примери кога позајмуваме (со премин).

	4	2	0
–			6

→

	4	~~2~~ (1)	0 (10)
–	↓	↓	6
	4	1	4

4С | 1Д | 10Е – 6Е = 4Е

	3	0	1
–			7

	~~3~~ (2)	~~0~~ (9)	1 (10, 11)
–	↓	↓	7
	2	9	4

2С | 9Д | 11Е – 7Е = 4Е

ОДЗЕМАЊЕ ДВОЦИФРЕН БРОЈ ОД ТРИЦИФРЕН БРОЈ

Да се пресмета разликата на броевите 545 – 32 = ☐



	С	Д	Е
	5	4	5
–		3	2

5С 4Д 5Е – 3Д 2Е = 5С 1Д 3Е

5С | 4Д – 3Д = 1Д | 5Е – 2Е = 3Е

Како е извршено одземањето подолу?

545 - 32 = (500 + 40 + 5) - (30 + 2) = 500 + (40 - 30) + (5 - 2) = 500 + 10 + 3 = 513

Запомни!

При одземање едноцифрен број од трицифрен број, се започнува од единиците, а потоа се одземаат десетките и на крај стотките.

Ако единиците во трицифрениот број се помали од едноцифрениот број, тогаш се позајмува од десетките, а ако цифрата на десетката е 0, се позајмува една стотка и таа станува 10 десетки.

Ова правило важи и при одземање двоцифрен од трицифрен број и трицифрен од трицифрен број.

2

349 − 35	650 − 10	487 − 67	262 − 51
Е	О	А	З
832 − 43	456 − 77	934 − 55	633 − 64
Д	Њ	М	Е

640	
789	
211	
314	
879	
420	
379	
569	

3 **Бројот 526 намали го за 19, а потоа добиениот број намали го за 49.**

Решавање:

Одговор: _____

4 **Ако во една година која не е престапна 78 денови ги поминеш на гости кај баба и дедо, колку денови од годината си дома?**

Решавање:

Одговор: _____

ОДЗЕМАЊЕ ТРИЦИФРЕН БРОЈ ОД ТРИЦИФРЕН БРОЈ

Да се пресмета разликата на броевите 265 – 242 = ☐



2С 6Д 5Е – 2С 4Д 2Е = 0С 2Д 3Е

265 – 242 = ☐

	С	Д	Е
	2	6	5
–	2	4	2

2С -2С = 0С | 6Д – 4Д = 2Д | 5Е – 2Е = 3Е

5 **Пополни ја табелата!**

намаленик	850	290	300	710
намалител	434	280	180	700
разлика				

6 **Сара и Лара собираат шеќерчиња. Сара има 977, а Лара има 8 шеќерчиња помалку од Сара. Колку шеќерчиња има Лара?**



Пресметај во колона

–

Одговор: Лара има _____ шеќерчиња.

7 **Во една фабрика за чевли во јануари биле произведени 730 пара чевли. Следниот месец биле произведени 90 пара чевли помалку од претходниот. Колку чевли биле произведени во февруари?**



Пресметај во колона

–

Одговор: Во февруари се произведени _____ пара чевли.

8 **Давид чита книга од 345 страници. За една седмица прочитал 296 страници. Уште колку страници треба да прочита Давид за да го заврши читањето?**

Книгата има: ☐
Давид прочитал: ☐
Треба да прочита уште: ☐

Пресметај во колона

–

Одговор: Давид треба да прочита уште _____ страници.

ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НЕПОЗНАТ БРОЈ ПРИ СОБИРАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ ДО 1 000

Да се потсетиме!

Во одделението на Ања има 13 девојчиња. Вкупниот број на ученици е 27. Колку момчиња има во одделението?

девојчиња + момчиња = вкупно ученици

13 + ? = 27 → 13 + ☐ = 27

непознат собирок

☐ = 27 – 13

☐ = 14

Одговор: _____

Со проверка утврдуваме дали сме решиле точно.

Проверка: 13 + 14 = 27

Запомни!

Непознат собирок се определува ако од збирот се одземе познатиот собирок.

1 **Пресметај го непознатиот собирок.**

а) 128 + ☐ = 362
☐ =
☐ =
Проверка:

б) ☐ + 285 = 730

в) ☐ + 198 = 412

г) 300 + ☐ = 539
☐ =
☐ =
Проверка:

д) ☐ + 676 = 1 000

ѓ) 455 + ☐ = 630

2 **Кон кој број треба да се додаде бројот 137 за да се добие бројот 720?**

Решавање:

Одговор: Бројот 137 треба да се додаде кон бројот _____

3 **Во едно буре има 358 литри вода. Ако бурето собира 800 литри, уште колку литри вода треба да се досипе за бурето да се наполни?**

Решавање:

Одговор: _____

4 **Предизвик! Првиот собирок е збирот на броевите 200 и 145, а збирот е 650. Определи го вториот собирок.**

Решавање:

Одговор: Вториот собирок е _____

Да се потсетиме!

Маја земала 32 јаболка, а останатите 60 ги земала Суада. Колку јаболка имало во кошницата?

Бројот на јаболка во кошницата на почетокот е непознат. Го означуваме со празно правоаголниче ☐ .

вкупно јаболка - јаболката на Маја = јаболката на Суада

☐ – 32 = 60

непознат намаленик

☐ – 32 = 60
☐ = 60 + 32
☐ = 92

Одговор: Во кошницата имало _____ јаболка.

Проверка: 92 – 32 = 60

Запомни!
Непознатиот намаленик се наоѓа ако се соберат намалителот и разликата.

1 **Пресметај го непознатиот намаленик.**

а) ☐ – 260 = 130
☐ =
☐ =
Проверка:

б) ☐ – 144 = 370

в) ☐ – 590 = 250

г) ☐ – 350 = 570
☐ =
☐ =
Проверка:

д) ☐ – 135 = 432

ѓ) ☐ – 420 = 56

2 **Од кој број треба да се одземе бројот 313 за да се добие бројот 192.**

Решавање:

Одговор: Треба да се одземе од бројот _____

Да се потсетиме!

Сара читала лектира од 150 страници. Таа почнала да чита и ѝ останале уште 64 страници за читање. Колку страници од лектирата прочитала Сара?

вкупно страници – прочитани страници = страници за читање

150 – ☐ = 64

непознат намалител

150 - ☐ = 64

☐ = 150 - 64

☐ = 86

Проверка: 150 – 86 = 64

Запомни!

Непознатиот намалител се наоѓа ако од намаленикот се одземе разликата.

1 **Пресметај:**

а) 740 – ☐ = 270

☐ =

☐ =

Проверка:

б) 675 – ☐ = 590

в) 810 – ☐ =645

г) 389 – ☐ = 120

☐ =

☐ =

Проверка:

д) 549 – ☐ = 350

ѓ) 761 – ☐ = 290

2 **Кој број треба да се одземе од 700, за да се добие 275?**

Решавање: Одговор: _____

3 **За колку треба да се намали разликата на броевите 600 и 125, за да се добие 234.**

Решавање: Одговор: _____

4 **Баба Савка на пазар однела за продавање 270 килограми домати. Продавала од доматите, а дома вратила 39 килограми. Колку килограми домати продала баба Савка?**

Решавање: Одговор: _____

РЕШАВАЊЕ ПРОБЛЕМСКИ СИТУАЦИИ СО СОБИРАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ БРОЕВИ ДО 1 000

1 Пресметај.



2 Одреди ги непознатите цифри во броевите за збировите да бидат точни.

2□4	□72	2□6	□5□	□□8	2□□
+543	+409	+485	+487	+388	+562
807	781	691	846	776	861

3 Во два базена имало вкупно 132 деца. Во едниот имало 48 повеќе деца од другиот базен. По колку деца имало во двата базена?

Решавање:

Одговор: _____

_____

_____

4 **Во една продавница првиот ден се порачани 135 чоколади. Вториот ден се порачани 50 чоколади повеќе од првиот ден, а третиот ден се порачани за 200 повеќе од првиот и вториот ден заедно. Пресметај го вкупниот број на чоколади кои се порачани трите дена?**

Решавање:

Одговор: _____

_____

_____

5 **Тетратка и молив чинат 62 денари, а тетратка и два молива чинат 85 денари. Колку денари чини една тетратка?**

Решавање:

Одговор: _____

_____

_____

6 **Состави текстуална задача според податоците и реши ја.**



50 ден



40 ден

Решавање:

20 ден



30 ден

80 ден

Одговор: _____

УДВОЈУВАЊЕ И ПРЕПОЛОВУВАЊЕ БРОЕВИ ДО 1 000
УДВОЈУВАЊЕ ТРИЦИФРЕНИ БРОЕВИ ОД ПОЛНИ СТОТКИ ДО 1 000

Да се потсетиме!

Маја и Махир играле пикадо. При првото фрлање, броевите кои ги погодиле со стрелката ги удвојувале. Кој погодил поголем број и колку изнесува бројот удвоен?

Маја го погодила бројот 10, а удвоен е ____.
Махир го погодил бројот 20, а удвоен е ____.

Запомни!
Удвојување на еден број значи бројот да го собереме сам со себе или да го помножиме со два.

1 **Запиши ги броевите ако се дадени удвоените!**



2 **Пополни ги крукчињата на елката.**
Започни од долу нагоре!
Што забележа?

Објаснување:



3 **Пресметај го збирот на броевите кои удвоени се 200 и 600.**

Решавање:

4 Пополни ја табелата.

100	400	200
300	500	50

удвој →

200		

5 Никола за 2 минути истрчал 100 метри, а Јане истрчал двојно повеќе од Никола. Колку метри истрчал Јане?

Решавање:

Одговор: _____

6 На натпревар по математика Иво освоил 200 поени, што е двојно повеќе од поените што ги освоил Филип. Колку поени освоил Филип? Колку освоиле заедно?

Решавање:

Одговор: _____



ПРЕПОЛОВУВАЊЕ ТРИЦИФРЕНИ БРОЕВИ ОД ПОЛНИ СТОТКИ ДО 1 000

Да се потсетиме!

Маја и Махир продолжиле да играат пикадо. При второто фрлање, броевите кои ги погодиле со стрелката ги преполовувале. Кој погодил поголем број и колку изнесува преполовениот број?

Маја го погодила бројот 20, а преполовен е ____.
Махир го погодил бројот 10, а преполовен е ____.

Запомни!

Преполовување на еден број значи бројот да го поделиме на половина, односно да го поделиме со бројот два.

1 **Секој број од левата страна на пеперугата, преполови го и запиши го во истите форми од десната страна.**





2 **Преполови ги броевите означени на сликите со диносаурусите.**



3 **Пресметај и преполови го збирот.**

200+400
= ☐
преполовен
☐

100+300
= ☐
преполовен
☐

300+500
= ☐
преполовен
☐

600+400
= ☐
преполовен
☐

4 **Преполовувајќи ги броевите формирај бројна низа.**



5 **Петар секој ден поминува по 600 метри од дома до училиште и од училиште до дома. Колку метри поминува Петар во еден правец?**

Решавање:

Одговор: _____

УДВОЈУВАЊЕ ТРИЦИФРЕНИ БРОЕВИ ОД ПОЛНИ ДЕСЕТКИ ДО 1 000

Да се потсетиме!

Да го удвоиме бројот 240.

За полесно да биде удвојувањето, ќе го разложиме бројот на стотки и десетки:

240 = 200 + 40

Ќе го удвоиме прво бројот 200: 200 + 200 = 400

Потоа ќе го удвоиме бројот 40: 40 + 40 = 80

Потоа ги собираме удвоените броеви: 400 + 80 = 480



Значи, двојно од 240 е 480.



1 **Удвој ги броевите според примерот.**













2 Удвој ги броевите во облачињата. Удвоените броеви запиши ги во вагоните.



3 Чичко Мите во сабота на пазар продал 120 килограми зелка. Во недела продал двојно повеќе килограми зелка од сабота. Колку килограми зелка продал во недела? Колку килограми зелка продал двата дена?

Решавање: сабота –
недела–
сабота + недела –

Одговор: _____

4 Ана и Ања се близначки. Им купиле капи и шалови: капа која чини 240 денари и шал кој чини 120 денари. Колку денари чинат капите и шаловите за Ана и Ања?

Решавање:

Одговор: _____

ПРЕПОЛОВУВАЊЕ ТРИЦИФРЕНИ БРОЕВИ ОД ПОЛНИ ДЕСЕТКИ ДО 1 000

Да се потсетиме!

Да го преполовиме бројот 480.

За полесно да биде преполовувањето, бројот ќе го разложиме на стотки и десетки.

480 = 400 + 80

Бројот 400 преполовен е 200.

Бројот 80 преполовен е 40.

Потоа ги собираме преполовените броеви: 200 + 40 =240

Половина од 480 е 240.



1 **Преполови ги броевите според примерот.**



2 **Преполовувајќи ги броевите формирај бројна низа.**

3 **Преполови и запиши ги броевите.**



4 **Преполови и удвој. Според примерот, преполови ги и удвој ги броевите запишани на сликите!**



5 **Во училишната библиотека имало 900 книги. Книгите треба да се наредат на две полици. По колку книги ќе има на секоја полица?**

Решавање:

Одговор: _____

МНОЖЕЊЕ И ДЕЛЕЊЕ СО 1, 2, 3, 4, 5, 6, 9 И 10

МНОЖЕЊЕ ЕДНОЦИФРЕН БРОЈ СО 1, 2, 3, 4, 5, 6, 9 И 10

Да се потсетиме!

Да изброиме во колку редици и колони се распоредени бонбоните!

Во четири редици имаме по 2 бонбони.

2 + 2 + 2 + 2 = 8

Вкупно 8



Во две колони по 4 бонбони.

4 + 4 = 8

Вкупно 8

2 + 2 + 2 + 2 = 4 + 4

8 = 8

Пресметај колку пеперуги има на сликата?

2 + 2 + 2 = 6

собироци — збир

Запомни!

Собирањето на исти собироци се вика **множење.** За оваа операција се користи знакот за множење • Резултатот од множењето се нарекува **производ.**

3 • 2 = 6 — производ

множител — множител

знак за множење

1 **Поврзи за да добиеш точни равенства.**

9 • 2	5+5+5+5+5+5+5	20
4 • 4	5+5+5+5	60
4 • 1	10+10+10+10+10+10	18
7 • 5	4+4+4+4	16
6 • 10	1+1+1+1	35
4 • 5	2+2+2+2+2+2+2+2+2	4



2 **Дополни како што е започнато и пресметај.**

	$5 + 5 + 5 = 15$ $3 \cdot 5 = 15$
	
	
	

3 **На 8 полици има по 2 книги. Запиши како:**

а) збир со еднакви собироци

б) производ

4 **Во секое празно крукче стави еден од знаците <, =, > за да биде точно.**

а) $3 \cdot 2$ ◯ $2 + 2 + 2$

б) $8 + 8 + 8 + 8 + 8$ ◯ $8 \cdot 5$

в) $6 \cdot 10$ ◯ $10 + 10 + 10 + 10 + 10$

г) $5 \cdot 4$ ◯ $5 + 5 + 5$

д) $5 \cdot 10$ ◯ $10 + 10 + 10$

ѓ) $1 \cdot 4$ ◯ $5 + 5 + 5$

Да се потсетиме!

Маја има 8 коцки и ги разделила во 2 кутии подеднакво. По колку коцки има во секоја кутија?



вкупно коцки

број на кутии

коцки во една кутија

8 : 2 = 4

количник

деленик

делител

знак за делење

Воочи!

Која е врската помеѓу делењето и множењето?

8:2=4 затоа што 4 • 2 = 8.

1 **Според барањата, подели ги овошјата на еднакви делови. По колку овошја има во секој дел?**

☐ : 2 = ☐

Одговор: _____



☐ : 4 = ☐

Одговор: _____



☐ : 2 = ☐

Одговор: _____

2 **Според сликата запиши го делењето.**

Одговор: _____

Одговор: _____



Одговор: _____

МНОЖЕЊЕ И ДЕЛЕЊЕ СО БРОЈОТ 1

1 Доврши го множењето со бројот 1 во започнатиот круг!



2 Пресметај со делење!

5 : 1 = 5
9 : 1 =
3 : 1 =
7 : 1 =
4 : 1 =
10 : 1 =
2 : 1 =
8 : 1 =
6 : 1 =
1 : 1 =

3 Стави го знакот ✓ ако е точно равенството, или ✗ ако е погрешно!

а) 1+1+1+1 = 3 · 1 ◯

б) 1+1 +1+1+1+ 1+1 +1+1+1 = 9 · 1 ◯

в) 6 · 1 = 1+1 +1+1+1 +1 ◯

г) 5 ·1 = 1+1 +1+1+1 ◯

д) 1+1 +1+1+1+1+1 = 7 · 1 ◯

ѓ) 4 · 1 = 1 · 4 ◯

4 Пресметај и запиши за да биде точно!

4 —(:1, ·1)→ ☐ 6 —(:1, ·1)→ ☐ 9 —(:1, ·1)→ ☐ 7 —(:1, ·1)→ ☐

5 Возот има 6 вагони. Во секој вагон има место само за еден патник. Колку патници има целиот воз?

Одговор: Во целиот воз има _____ патници.



МНОЖЕЊЕ И ДЕЛЕЊЕ СО БРОЈОТ 2

1 Помогни му на Роби да ја доврши таблицата множење со 2





2 Пресметај по колку круши се употребени за секоја тегла со мармалад!

3 Обој ги полињата кои ги добиваш кога множиш со број 2.

2	10	11	18	8	17	21	20	19	23
4	12	13	7	5	6	14	3	16	1

4 Пресметај и поврзи!

16 : 2 • • 10

7 · 2 • • 8

20 : 2 • • 14

8 : 2 • • 18

9 · 2 • • 10

5 · 2 • • 4

5 Дедо Лазар има 18 рози и сака да ги стави во две вазни подеднакво. По колку рози ќе има во секоја вазна?

Одговор: Во секоја вазна ќе има по _____ рози.

МНОЖЕЊЕ И ДЕЛЕЊЕ СО БРОЈОТ 4

1 Додавај по 4 и доврши ја таблицата множење.



2 Запиши го количникот при делење со 4!



3 Обој ги броевите кои се добиваат како производи при множење со 4.

4	5	8	13	12	16	18	20	23	24
28	30	32	33	36	37	39	40	41	35



4 Пресметај и открија каква е ламбата на Аладин во која е добриот дух!

4 · 4 = ____ Б
24 : 4 = ____ О
8 · 4 = ____ Ш
40 : 4 = ____ Е
7 · 4 = ____ В
8 : 4 = ____ Н
3 · 4 = ____ Л
9 · 4 = ____ А

28	6	12	32	10	16	2	36

5 Пред рингишпилот има 36 деца кои чекаат да се качат. Во секоја корпа од рингишпилот има место за 4 деца. Колку корпи ќе бидат зафатени?

Одговор: Ќе бидат зафатени _____ корпи од рингишпилот.

МНОЖЕЊЕ И ДЕЛЕЊЕ СО БРОЈОТ 5

1 Пополни ги деловите од кругот со производите кога множиш со 5!





2 Одреди ги количниците при делење со 5.

5 : 5 = 1
15 : 5 =
25 : 5 =
30 : 5 =
20 : 5 =
10 : 5 =
35 : 5 =
45 : 5 =
40 : 5 =
35 : 7 =

3 Пронајди ги можните производи при множење со 5.

1	5	8	15	9	25	18	20	33	24
10	30	22	17	35	45	50	40	37	36

4 Пресметај, а потоа заокружи го точниот број

25 : 5 =	10	5	45 : 5 =	8	9	2 · 5 =	10	15
4 · 5 =	20	15	10 · 5 =	50	5	15 : 5 =	3	1
6 · 5 =	3	30	35 : 5 =	7	6	8 · 5 =	40	35

5 Во дворот има 30 деца кои сакаат да играат кошарка. Тие формирале екипи од по 5 деца. Колку екипи се формирани?

Решавање:

Одговор: Формирани се _____ екипи.

МНОЖЕЊЕ И ДЕЛЕЊЕ СО БРОЈОТ 10

1 Ајде да множиме со бројот 10!



2 Поврзи за да биде точно!

3 Пресметај!

8 · ___ = 80	9 · ___ = 90	40 : 10 = ___	2 · ___ = 20
90 : 10 = ___	70 : 10 = ___	6 · 10 = ___	100 : ___ = 10
5 · 10 = ___	30 : 10 = ___	5 · ___ = 50	10 : ___ = 1

4 Следи ја стрелката и примени множење и делење со 10!



5 Стефан бере цвеќиња и сака да направи два букета од по 10 цвета. Колку вкупно цвеќиња му требаат на Стефан за да ги направи двата букета?

Одговор: На Стефан му требаат _____ цвета за да ги направи букетите.

ПРОДОЛЖУВАМЕ СО МНОЖЕЊЕ И ДЕЛЕЊЕ

МНОЖЕЊЕ И ДЕЛЕЊЕ СО БРОЈОТ 3

1 Да броиме со чекор 3 нанапред и 3 наназад.

+ 3 + 3 + 3 + 3 + 3 + 3 + 3 + 3 + 3 + 3

0 3 ☐ ☐ ☐ ☐ ☐ ☐ ☐ ☐ ☐

– 3 – 3 – 3 – 3 – 3 – 3 – 3 – 3 – 3 – 3

30 ☐ ☐ ☐ ☐ ☐ ☐ ☐ ☐ ☐ ☐ ☐

2 Ива, за да научи да множи со бројот 3, набрала детелинки со по три ливчиња.
Колку вкупно ливчиња имаат детелинките кои ги набрала Ива?

3 + 3 + 3 + 3 + 3 + 3 + 3 + 3 + 3 + 3 = ☐

10 · 3 = ☐

Да ѝ помогнеме на Ива полесно да собира еднакви собироци?

Преку собирање еднакви собироци, научи да множиш со бројот 3.

3	3	1 · 3
3 + 3	6	2 · 3
3 + 3 + 3		3 · 3
3 + 3+ 3 + 3		4 · 3
3 + 3+ 3 + 3 + 3		5 · 3
3 + 3+ 3 + 3 + 3 + 3		6 · 3
3 + 3+ 3 + 3 + 3 + 3 + 3		7 · 3
3 + 3+ 3 + 3 + 3 + 3 + 3 + 3		8 · 3
3 + 3+ 3 + 3 + 3 + 3 + 3 + 3+ 3		9 · 3
3 + 3+ 3 + 3 + 3 + 3 + 3 + 3+ 3 + 3		10 · 3



Воочи!

Делењето е обратна операција од множењето.

12 : 3 = 4 затоа што 4 · 3 = 12

1 **Запиши го множењето претставено на секоја од сликите.**



___ · ___ = ___



___ · ___ = ___



___ · ___ = ___

2 **Пресметај и со симболите за споредување <, =, >, спореди ги бројните изрази.**

$3 \cdot 3$ ☐ $3 + 3 + 3$ 15 ☐ $5 \cdot 3$ $8 \cdot 3$ ☐ $6 \cdot 4$

$24 : 3$ ☐ $24 : 4$ $10 + 10 + 10$ ☐ $3 \cdot 10$ $14 + 14$ ☐ $7 \cdot 4$

$(31 - 26) \cdot 3$ ☐ $3 + (3 \cdot 3)$ $42 - (18 : 3)$ ☐ $(9 : 3) \cdot 10$

3 **Дополни ги броевите кои недостасуваат:**



4 **Пополни ја табелата:**

:	15	21	27	30	18	9
3						

5 **Петар има 3 години, Коле има трипати повеќе од него, а нивниот татко 10 пати повеќе од Петар. Колку години има Коле, а колку нивниот татко?**

Решавање:

Одговор: Коле има _____ години, а нивниот татко има _____ години.

6 **Три деца купиле 24 сликички. Ги поделиле подеднакво. По колку сликички добило секое дете?**

Решавање:

Одговор: Секое дете добило по _____ сликички.

7 **Колку денови имаат три седмици?**

Решавање:

Одговор: _____



Преку собирање еднакви собироци, научи да множиш со бројот 6.

6	6	1 · 6
6 + 6	12	2 · 6
6 + 6 + 6		3 · 6
6 + 6 + 6 + 6		4 · 6
6 + 6 + 6 + 6 + 6		5 · 6
6 + 6 + 6 + 6 + 6 + 6		6 · 6
6 + 6 + 6 + 6 + 6 + 6 + 6		7 · 6
6 + 6 + 6 + 6 + 6 + 6 + 6 + 6		8 · 6
6 + 6 + 6 + 6 + 6 + 6 + 6 + 6+ 6		9 · 6
6 + 6 + 6 + 6 + 6 + 6 + 6 + 6+ 6 + 6		10 · 6

Еда ѝ помогнала на баба ѝ да ги подготви кошниците со јаболка за на пазар. Секоја кошница собирала по 6 јаболка. Колку вкупно јаболка има во сите кошници?

6 + 6 + 6 + 6 + 6 + 6 + 6 + 6 + 6 + 6 = ☐

10 · 6 = ☐

Започнуваме со 6 и на секој следен збир додаваме 6.

6
6 + 6 = 12 = 2 · 6
6 + 6 + 6 = 18 = 3 · 6
6 + 6 + 6 + 6 = 24 = 4 · 6
...

+ 6

6 18

– 6

60 6





Воочи дека делењето е обратна операција од множењето.

12 : 6 = 2

затоа што 2 · 6 = 12

Можеш и сам/а да ја напишеш таблицата делење со 6.

1 **Заокружи ги точниот производ или количник.**

7·6	42	47	48
4·6	21	24	30

8·6	42	68	48
9·6	54	56	49

3·6	12	20	18
5·6	30	35	28

36 : 6		
5	6	7

30 : 6		
5	6	7

42 : 6		
6	7	8

12 : 6		
6	2	3

60 : 6		
5	10	6

6 : 6		
5	6	1

2 **Пресметај и со симболите за споредување <, =, >, спореди ги бројните изрази.**

6 +6 +6+ 6 +6 ◯ 6 · 4 12 : 6 + 10 ◯ 6 · 2 54 : 6 ◯ 3 · 6

8 · 6 ◯ 40 + 1 · 6 7 · 6 ◯ 8 · 6 – 6 4 · 6 ◯ 8 · 3

3 **Дополни за да биде точно тврдењето:**

Бројот 36 е _____ пати поголем од бројот 6.

Шест пати помал од бројот 48 е бројот _____ .

Бројот 54 е за 6 помал од бројот _____ .

4 **Количникот на броевите 54 и 6 зголеми го за производот на броевите 7 и 6.**

Решавање:

5 **Ада набрала 30 моркови. Шест моркови оставила дома, а останатите ги поделила на 4 зајачиња подеднакво. По колку моркови добило секое зајаче?**

Решавање:

Одговор: _____

6 **Според сликата состави текстуална задача и реши ја.**



Решавање:

Одговор: _____

МНОЖЕЊЕ И ДЕЛЕЊЕ СО БРОЈОТ 9

Да ѝ помогнеме на Лара полесно да собира еднакви собироци?

$18 : 9 = 2$ затоа што $2 \cdot 9 = 18$
Можеш да ја напишеш таблицата делење со 9.

Преку собирање еднакви собироци, научи да множиш со бројот 9.

9	9	$1 \cdot 9$
9+9	18	$2 \cdot 9$
9+9+9		$3 \cdot 9$
9+9+9+9		$4 \cdot 9$
9+9+9+9+9		$5 \cdot 9$
9+9+9+9+9+9		$6 \cdot 9$
9+9+9+9+9+9+9		$7 \cdot 9$
9+9+9+9+9+9+9+9		$8 \cdot 9$
9+9+9+9+9+9+9+9+9		$9 \cdot 9$
9+9+9+9+9+9+9+9+9+9		$10 \cdot 9$



Лара и мајка ѝ за Велигден бојадисувале јајца во различни бои. Јајцата ги распоредиле подеднакво, во секоја кошница по 9 јајца. Колку вкупно јајца бојадисале Лара и мајка ѝ?

9+9+9+9+9+9+9+9+9+9= ☐

$9 \cdot 10 =$ ☐

1 **Пополни ја табелата.**

·	6	3	9
1			
10			
5			
2			
3			
6			
9			

2 **Пресметај го количникот, запиши како во примерот.**



3 **Како е добиен бројот во облачето? Размисли и запиши.**



Решавање:
$10 \cdot 9 + 10 = 90 + 10 = 100$

Решавање:

Решавање:

4 **Пресметај:**

$(3 \cdot 9) + (5 \cdot 9) =$

$8 \cdot 9 + \square = 100$

$(63 : 9) + (54 : 6) =$

$10 \cdot 9 - \square = 25$

Запиши и пресметај го бројот кој е:

6 пати помал од бројот 54 _____

9 пати помал од 90 _____

5 пати помал од 45 _____

За 9 помал од 63 _____

За 5 помал од 30 _____

5 **Алек има 54 џамлии, Иван има 9 џамлии помалку од Алек, а Горан има 9 пати помалку џамлии од Алек. Колку џамлии има Иван, а колку Горан?**

Решавање:

Одговор: _____

6 **Давид и Едо купиле моливи по иста цена. Давид купил 9 моливи и платил 63 денари.**
Едо купил 5 моливи. Колку чини еден молив и колку платил Едо за моливите?

Решавање:

Одговор: _____

МНОЖЕЊЕ ДВОЦИФРЕН БРОЈ СО 10

Да се потсетиме!

Во една овошна градина во 12 редови се засадени по 10 јаболкници. Колку вкупно јаболкници има во овошната градина?

$12 \cdot 10 = 120$

Одговор: Во овошната градина има _____ садници.

Воочи!

Кога даден број се множи со 10, тој број станува 10 пати поголем.

На бројот од десната страна му се допишува нула.

- цифрата на единици станува цифра на десетки
- цифрата на десетки станува цифра на стотки

С	Д	Е
	1	2
1	2	0

$\cdot 10$

Да се потсетиме!

Множење двоцифрен број со разложување.

$16 \cdot 10 = (10 + 6) \cdot 10 =$
$= 10 \cdot 10 + 6 \cdot 10 =$
$= 100 + 60 =$
$= 160$

$63 \cdot 10 =$

$87 \cdot 10 =$

1 **Пресметај:**

а) $15 \cdot 10 =$ б) $43 \cdot 10 =$ в) $26 \cdot 10 =$

г) $94 \cdot 10 =$ д) $61 \cdot 10 =$ ѓ) $10 \cdot 17 =$

2 **Збирот на броевите 42 и 23 зголеми го 10 пати.**

Решавање:

3 Напиши ги броевите кои недостасуваат.

150 = 15 + ☐	340 = 10 + ☐	760 = 76 + ☐	400 = 10 + ☐
290 = 29 + ☐	☐ = 19 + 10	410 = 41 + ☐	☐ = 99 + 10

4 Едно детско одморалиште има два ката. На секој кат има по 10 соби. На првиот кат собите се со по 12 кревети, а на вториот кат со по 13 кревети. Колку најмногу деца може да престојуваат во одморалиштето во исто време?

Решавање:

Одговор: _____

5 Во еден воз има 48 патници. Ако во тој воз има 10 пати повеќе места од бројот на патници, пресметај колку празни места има во возот?

Решавање:

Одговор: _____

МНОЖЕЊЕ БРОЕВИ ОД ВТОРАТА ДЕСЕТКА СО 1, 2, 3, 4 И 5

Да се потсетиме!

Ема направила 4 букети цвеќе. Во секој букет ставала по 12 цветови. Колку вкупно цветови ставила Ема во сите букети?

12 · 4 =

Одговор:
Ема во сите букети ставила ____ цветови.

Запомни!

Множење во колона

Д	Е
1	2
	4
4	8

·

Множењето го започнуваме од единиците на бројот 12.

4 · 2Е = 8Е

8 запишуваме под цифрите на единици

4 · 1Д = 4Д

4 запишуваме под цифрите на десетки.

Запомни!

Множење со разложување

12 · 4 = (10 + 2) · 4 =
= 10 · 4 + 2 · 4 =
= 40 + 8 =
= 48

Бројот кој го множиме го разложуваме на збир од десетки и единици. Десетките и единиците ги множиме со едноцифрениот број.

1 Пресметај ги производите на двата начина

Д	Е
1	1
	5

·
=

11 · 5 =

Д	Е
1	2
	3

·
=

12 · 3 =

Д	Е
1	4
	2

·
=

14 · 2 =

Д	Е
1	3
	3

·
=

13 · 3 =

2 Пронајди ги производите и поврзи ги со множителите!

$11 \cdot 4$		48
$12 \cdot 3$		19
$12 \cdot 4$		44
$19 \cdot 1$		36
$14 \cdot 2$		28

3 Спореди ги изразите со симболите за споредување <, =, >.

$20 \cdot 1$ ☐ $10 \cdot 2$

$12 \cdot 3$ ☐ $13 \cdot 2$

$11 \cdot 5$ ☐ $55 \cdot 1$

$19 \cdot 1$ ☐ $60 - 11 \cdot 4$

$100 - 14 \cdot 2$ ☐ $12 \cdot 4 + 30$

$11 \cdot 3$ ☐ $33 \cdot 1$

4 За училишната забава Лина купила 13 балони, а Менсур 3 пати повеќе од Лина. Колку балони купил Менсур, а колку балони купиле заедно?

Решавање:

Одговор: Менсур купил _____ балони. Заедно купиле _____ балони.

